С О В Е Т   З А   Р А Д И О Д И Ф У З И Ј А   Н А   Р М

**ИЗВЕШТАЈ**

**за работата на Советот за радиодифузија на РМ**
**за периодот од 01.01.2010 до 31.12.2010 година**

**Скопје, март 2011 година**

## Содржина


ВОВЕД....4

1 **РАДИОДИФУЗНА РЕГУЛАТИВА** .... 7

1.1 Законот за радиодифузната дејност и новата регулатива за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги .... 7

1.2 Активности и ставови за измени и дополнувања на Изборниот законик .... 7

1.3 Ставови на Советот за измени и дополнувања на друга домашна регулатива... 8

2 **ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ** .... 8

2.1 Доделување нови дозволи за вршење радиодифузна дејност .... 8

2.2 Одземање дозволи за вршење радиодифузна дејност .... 10

2.3 Престанок на важност на дозволи за вршење радиодифузна дејност .... 11

2.4. Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност .... 11

3 **НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ** .... 12

3.1 Мониторинг на програмските обврски на радиодифузерите.... 12

4 **НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ** .... 20

4.1 Регистрација на програмските пакети .... 20

4.2 Мониторинг на пакетите програмски сервиси .... 21

4.3 Изречени мерки.... 22

4.4. Други преземени активности .... 23

5 **РАДИОДИФУЗЕН ПАЗАР**.... 23

5.1 Телевизиски пазар .... 24

5.2. Радиски пазар.... 26

5.3 Пазар на огласување .... 28

6 **СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ТРГОВСКИТЕ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА** . 28

6.1 Карактеристики на сопственичката структура.... 28

6.2 Промени во сопственичката структура .... 28

6.3 Транспарентност на сопственичката структура.... 30

7 **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ** .... 30

8 **РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС**.... 32

9 **ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ** .... 32

9.1 Наплата на радиодифузната такса ... 32
9.2 Наплата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност ... 33
9.3 Трансформација на поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија ... 33
**10 ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ** ... 34
**11 ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДЕЊЕТО НА УПРАВНАТА СТАТИСТИКА** ... 34
**12 СОРАБОТКА СО ДРУГИ ТЕЛА, ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ** ... 35
12.1 Соработка со Државниот пазарен инспекторат и Координативното тело за интелектуална сопственост ... 35
12.2 Соработка со Министерството за транспорт и врски ... 36
12.3 Соработка со Министерството за култура ... 36
12.4 Соработка со Министерството за економија ... 36
12.5 Соработка со Министерството за правда ... 36
12.6 Соработка со Министерството за финансии ... 37
12.7 Соработка со АЕК и со МРД ... 37
12.8 Соработка со Министерството за труд и социјална политика ... 37
12.9 Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата ... 37
12.10 Соработка со Секретаријатот за европски прашања ... 37
12.11 Соработка со Центарот за управување со кризи ... 38
12.12 Соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата ... 38
12.13 Соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци ... 39
12.14 Соработка со Организацијата на потрошувачите на Македонија ... 39
**13 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ... 39
13.1 Соработка со Европската Комисија ... 39
13.2 Соработка со Советот на Европа ... 40
13.3 Европска платформа на регулаторните тела (ЕПРА) ... 40
13.4 Соработка со Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА) ... 41
13.5 Соработка со странски регулаторни тела и друга меѓународна соработка ... 41
13.6 Друга билатерална соработка ... 42
13.7 Градење на капацитетите на Советот преку ИПА-фондовите на ЕУ ... 42
13.8 Учество на Советот во Националниот план на РМ за Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации ... 43
**14 ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ** ... 43
14.1 Облици на комуникација со јавноста ... 43
14.2 Пристап до информации од јавен карактер ... 44

**15 МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СОВЕТОТ, КАДРОВСКИ И ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ** ..... 44

15.1 Материјално-финансиско работење на Советот ..... 44

15.2 Кадровски ресурси на Советот ..... 45

15.3 Технички ресурси на Советот ..... 46

**Прилог бр.1** Изречени мерки од Советот за радиодифузија на РМ во 2010 година ..... 47

**Прилог бр.2** Налози за исклучување на програмски сервиси во 2010 година ..... 54

**Прилог бр.3** Прекршочни постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа во 2010 година ..... 58

**Прилог бр.4** Кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа во 2010 година ..... 63

**Прилог бр.5** Предлози за инспекциски надзор до Државен пазарен инспекторат во 2010 година ..... 64

**Прилог бр.6** Предлози за инспекциски надзор до Координативно тело во 2010 година ..... 66

**Прилог бр.7** Предлози за инспекциски надзор до Министерство за култура во 2010 година ..... 68

**Прилог бр.8** Сопственичка структура на трговските радиодифузни друштва ..... 69

**Прилог бр.9** Барања за пристап до информации од јавен карактер ..... 75

# ВОВЕД

Во 2010 година Советот за радиодифузија на Република Македонија работеше во полн состав. По истекувањето на мандатот на тројца членови на Советот, Собранието на Република Македонија за нови членови на Советот ги избра м-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ и м-р Борис Арсов. На седница на Советот м-р Милаим Фетаи беше избран за заменик претседател. Во текот на извештајниот период, Советот одржа 23 редовни седници и четири јавни седници.

Заради остварување на транспарентност во работењето и информирање на јавноста, приближување до граѓаните и до другите субјекти во радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија комуницираше преку веб страницата, којашто беше редовно ажурирана на три јазика, македонски, албански и англиски. Во оваа насока беа објавени документи за јавни расправи со можност сите заинтересирани страни да доставуваат коментари и видувања, беа спроведени он-лајн анкети за прашања од радиодифузната област и беа објавувани соопштенија и известувања до медиумите за активностите на Советот.

На веб страницата беа објавени програмата за работа и финансискиот план на Советот, како и сите правилници, упатства, препораки, одлуки, резултатите од спроведените мониторинзи, мерките преземени против прекршителите на законските и договорните обврски, печатените изданија на Советот, актуелни документи, конвенции, директиви, препораки и упатства на Европската Унија и Советот на Европа.

Конкурсите за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност, покрај на веб страницата на Советот и во „Службен весник на РМ“, беа објавени и во дневните весници.

Во ноември 2010 година беа извршени измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност со кои Управата за јавни приходи доби овластување да ја наплатува радиодифузната такса. Ова решение, кое беше предложено за да се зголеми наплатата, се очекуваше да придонесе за стабилизирање на изворот на финасирање на субјектите кои согласно Законот за радиодифузната дејност се финасираат од радиодифузната такса. Советот го поддржа овој предлог бидејќи обезбедувањето независна, стабилна и транспарентна рамка за финасирање е еден од предусловите за независност на Советот за радиодифузија и на јавниот радиодифузен сервис.

За да се надминат другите недоречености и недоследности во Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија, како овластен предлагач на закони од радиодифузната област, во февруари 2010 година, до Министерството за транспорт и врски на РМ достави Предлог-иницијатива за измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност. Советот партиципираше и во работната група, формирана во последниот квартал на 2010 година од надлежното Министерство за транспорт и врски на РМ, во функција на подготовка на новата регулатива за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, при што беше нагласена неопходноста од зачувување на целосната независност на ова регулаторно тело, без оглед на измените што ќе следат во новите законски решенија.

Советот имаше иницијативи и за изменување на Изборниот законик, Законот за авторско право и сродни права, како и Законот за заштита на потрошувачите. Бидејќи постојната законска и подзаконска регулатива не беше доволна да обезбеди ефикасност во поглед на заштитата на интелектуалната сопственост, беше склучена спогодба за заедничко постапување со Координативното тело за интелектуална сопственост при Владата на Република Македонија, Управата за јавни приходи и крим-полицијата во МВР. Оваа иницијатива даде одлични резултати во справувањето со пиратеријата во областа на радиодифузијата. Забележана беше и зголемената

правна свест кај операторите на јавни комуникациски мрежи и  радиодифузерите во насока на почитување на авторските и сродните права.

Анализата на пазарот на радиодифузната дејност, што Советот ја изработи во 2010 година, овозможи да се добијат сознанија за состојбата на македонскиот радиодифузен пазар во претходната година. Податоците покажаа дека вкупните приходи на телевизиските станици во 2009 година беа за 13,18 отсто помали од приходите во претходната година. Потоа, дека само 34 телевизии остварија позитивен финансиски резултат, а другите ТВ-станици, вклучувајќи ја и Македонската телевизија, работеа со загуба. Според овие податоци, приходите пак, во радиската индустрија беа за 34,17 отсто помали во споредба со 2008 година, но ова се должеше на намалувањето на приходите на јавниот сервис – Македонско радио. Приватниот сектор во целина во 2009 година оствари позитивен финансиски резултат.

Заклучно со декември 2010 година, радиодифузниот сектор го сочинуваа, односно зрачеа во етерот, радио и телевизиските сервиси на МРТ и 74 ТВ и 74 радио комерцијални станици. Од комерцијалниот сектор, 19 телевизии и 13 радија емитуваа програми на јазиците на немнозинските заедници што живеат во Република Македонија.

Во извештајната 2010 година, Советот додели вкупно 18 нови дозволи за вршење радиодифузна дејност. Во февруари Советот додели три дозволи за локални телевизиски станици преку кабел, за подрачјата на Дебар, Струга и Прилеп, како и една дозвола за  телевизиска станица преку сателит на државно ниво. Беа доделени и шест дозволи за локални радиостаници (за подрачјата на Куманово, Кочани, Струга и Гостивар по една радиостаница и за Кичево две радиостаници). По завршувањето на трансформацијата на локалните јавни претпријатија Радио Охрид и Радио Валандово, Советот им додели по една дозвола за вршење радиодифузна дејност на локално ниво, а додели и една дозвола за  радиостаница на регионално ниво за Скопје, која беше наменета за збогатување на повеќедецениската македонско–француска соработка на аудиовизуелен план, како составен дел на македонско–француските политички, културни, економски и други односи и врски и реализација на меѓународните ангажмани на Република Македонија како полноправна членка на Меѓународната организација на франкофонијата. Во октомври, Советот додели четири дозволи за локални радиостаници (за подрачјата на Пробиштип, Крива Паланка, Кичево и Тетово). Покрај на овие комерцијални медиуми, Советот додели дозвола и на една непрофитна радиостаница – Универзитетско радио во Битола за задоволување на специфичните потреби и интереси на студентската популација од подрачјето на Битола. Одземени беа и три дозволи за вршење на радиодифузна дејност, но по престанокот на причините за ваквата мерка, дозволите им беа вратени на две трговски радиодифузни друштва, на ТРД К-15 минус ДООЕЛ – Скопје и на ТРД БМ Телевизија ДООЕЛ – Скопје.

Во текот на 2010 година, промена на сопственичката структура извршија вкупно тринаесет радиодифузери (три радиостаници и десет телевизии). Во функција на почитување на законската обврска за транспарентност на сопственичката структура на радиодифузерите, Советот го следеше исполнувањето на оваа нивна обврска, а на оние што не ја исполнија им изрече мерки.

Главна активност на Советот и во оваа извештајна година беше надзорот врз програмите на радиодифузерите и врз остварувањето на обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи. Беа реализирани повеќе анализи на програмите на Јавниот радиодифузен сервис. Анализите реализирани во првата половина од 2010 година, а посветени на остварувањето на функциите на Јавниот сервис, укажаа на некои континуирани слабости на МРТ во поглед на: осмислувањето и доследноста во спроведувањето на програмската политика, недостигот од простор, особено на телевизијата за емитување програми со кои ќе се заокружат функциите на МРТ, како и немањето концепт за искористување на законските можности за рекламирање.

Како продолжение на претходно реализираните анализи, во јули 2010 година, Советот спроведе две паралелни анализи поврзани со начинот на известување во централните вести на МТВ. Предмет на интерес на првата, квантитативна анализа беше политичкиот плурализам во вестите. Оваа анализа обезбеди квантитативни показатели за застапеноста во вестите на Владата, парламентарното мнозинство и на опозиционите партии. Втората анализа, која беше комплементарна на првата, беше квалитативна – студија на случај. Таа даде попрецизен одговор на прашањето постои ли политички плурализам во централните вести на Јавниот радиодифузен сервис и продлабочени сознанија за начинот на известување во нив. Квалитативната анализа го обработи настанот препознатлив како „Инцидент во Собранието на Република Македонија", а ги опфати сите прилози во централните вести на МТВ1, ТВ А1 и ТВ Сител од 2 до 19 јули 2010 година.

Мониторингот на комерцијалниот сектор се концентрираше особено врз радиодифузерите со државно покривање. Целта на анализите беше да се утврди дали и колку се почитуваат програмските стандарди за емитување програма, правилата за заштита на малолетната публика, обврските за емитување изворно создадена програма и за вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници што живеат во Република Македонија, како и правилата за рекламирање, телешопинг и спонзорство. Особено внимание беше посветено на програмите во кои се користат телефонски услуги со посебна тарифа. Бидејќи многубројните поплаки од граѓаните индицираа оти постојниот начин на опишување на овие услуги не е доволно јасен, Советот ги повика медиумите, покрај дотогашното означување, пред секоја емисија со телефонски услуги со посебна тарифа да емитуваат телоп со кој на граѓаните ќе им се објасни дека секој повик не подразбира и воспоставување контакт, но дека и ваквите повици се наплатуваат, како и дека ваквиот телоп би требало да го прикажат на екранот пред секоја емисија и по секој рекламен блок емитуван во рамките на емисијата.

Советот реализираше и повеќе работилници со медиумите поврзани со правилата за заштита на малолетната публика. Тие, заедно со бројните укажувања упатени до радиодифузерите, резултираа со зголемена свесност кај нив за потребата од категоризација и класификација на програмите.

Во текот на 2010 година продолжи соработката со повеќе домашни, странски и меѓународни регулаторни тела, институции и организации.

Советот за радиодифузија на Република Македонија како следен домаќин на 33-та средба на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), планирана за мај 2011 година во Охрид, на состанокот на ЕПРА во Белград, Србија, презентираше видео разгледница за Македонија и за Охрид како престолнина на кутурата низ вековите.

# 1 Радиодифузна регулатива

## 1.1 Законот за радиодифузната дејност и новата регулатива за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Во извештајната 2010 година беа извршени две значајни измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност. Со првите измени и дополнувањата, објавени во „Службен весник на РМ“ бр.6 од 15.01.2010 година, се укина можноста за стечај и ликвидација на јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, што е во согласност со европските стандарди за позицијата на јавните радиодифузни сервиси во демократски општества. Со вторите измени и дополнувања на Законот, објавени во „Службен весник на РМ“ бр. 145 од 05.11.2010 година, ѝ е дадено овластување на Управата за јавни приходи, почнувајќи од 01.01.2011 година, да ја утврдува и наплатува радиодифузната такса, согласно со Законот за даночната постапка. Со ваквото законско решение се очекува забележително зголемување на процентот на наплата на оваа јавна давачка.

Заради надминување на другите недоречености и недоследности во Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија, како овластен предлагач на закони од радиодифузната област, во февруари 2010 година до Министерството за транспорт и врски на РМ, достави Предлог-иницијатива за измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност. Во Предлог-иницијативата, покрај другите, беа содржани и следниве предлози: Советот за радиодифузија да добие овластување и обврска, при регистрирањето на пакетите на програмски сервиси што се реемитуваат преку јавни комуникациски мрежи, да врши проверка дали авторските и другите сродни права се регулирани согласно важечките законски прописи, што значи тој да биде единствениот субјект кој учествува во постапката за регистрација пакет/пакети на програмски сервиси; да врши надзор (мониторинг) врз операторите за почитувањето на законските одредби за реемитување програмски сервиси; операторите да плаќаат годишен надоместок во висина од 0,5 % од вкупниот приход остварен врз основа на давање услуга на пренос на програмски сервиси преку јавна комуникациска мрежа во текот на претходната календарска година.

Претставници на Советот за радиодифузија влегоа во состав на работната група, формирана во последниот квартал на 2010 година од надлежното Министерство за транспорт и врски на РМ, во функција на подготовка на новата регулатива за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги. На иницијатива на ова Министерство, на состанокот со претставници на повеќе заинтересирани институции, одржан на 03.11.2010 година и посветен на имплементацијата на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во законодавството на Република Македонија Советот беше домаќин. На овој состанок беа договорени методологијата и динамиката на подготвување на новите прописи, со општа согласност на присутните дека постапката на нивното подготвување и донесување треба да биде транспарентна, односно да дава можност за изнесување на мислења и ставови на регулаторот, радиодифузерите, операторите, другите заинтересирани субјекти и јавноста воопшто.

## 1.2 Активности и ставови за измени и дополнувања на Изборниот законик

Во последниот квартал на 2010 година, до Министерството за правда на РМ, беше доставен Предлог за измени на Предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик. Беше предложено овластувањата на Советот за следење на изборното медиумско претставување да ја опфатат временската рамка од денот на

потврдување на кандидатите од надлежните изборни органи до денот определен за започнување на изборната кампања. Другите предлози генерално беа поврзани со прецизирање на одредбите поврзани со политичкото рекламирање и со можностите за донирање на радиодифузерите, во функција на ограничување на коруптивното однесување на медиумите во време на изборни циклуси, односно беше предложено попустите во цените кои радиодифузерите и печатените медиуми ги даваат за платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања да се сметаат за донација изразена во парична вредност, со тоа што нејзината висина да не смее да го надмине износот од 20.000,00 евра во денарска противвредност. Беа предложени и прекршочни санкции за прекршување на одредени членови од Законикот, кои претходно не беа санкционирани. Советот учествуваше и на средбите што ги организираа Министерството за правда и Државната изборна комисија по повод предложените измени на Изборниот законик.

### 1.3 Ставови на Советот за измени и дополнувања на друга домашна регулатива

Донесувањето на Законот за авторско право и сродните права, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 115 од 31.08.2010 година, беше резултат на еден континуиран процес на усогласување со директивите на Европската Унија, со цел да се постигне систем на заштита од повреда на авторското право и сродните права кој е еднаков или сроден на оние во земјите на ЕУ. Советот активно партиципираше со свои предлози во насока на подобрување на оваа регулатива. Со стапувањето во сила на овој закон, беа обезбедени формални услови за поефикасно остварување на правата и оневозможување и спречување на неовластено користење на авторските дела и предметите на сродните права за комерцијални цели (борба против пиратеријата).

Советот учествуваше на експертскиот форум одржан во декември 2010 година, на кој се разгледуваше работниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, подготвен од страна на Организацијата на потрошувачите на Македонија и Министерството за економија на РМ како надлежно министерство. Беше поддржана иницијативата за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, во насока на транспонирање во домашното законодавство на европските директиви, односно, Директива за нефер комерцијални практики кон потрошувачите од страна на деловните субјекти на внатрешниот пазар и директивата со која се наложува заштита на интересите на потрошувачите и воведување механизми за колективна заштита на потрошувачите пред надлежните судови.

# 2 ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

## 2.1 Доделување нови дозволи за вршење радиодифузна дејност

Почитувајќи ги насоките утврдени во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот 2007–2012 година, и Акциониот план за нејзината имплементација, особено активностите за збогатување на плурализмот, разновидноста и квалитетот на програмите на регионално и локално ниво (Активност бр. 15 од планот) и за развој на непрофитниот сектор (Активност бр. 17 од планот), Советот додели 18 (осумнаесет) дозволи за вршење радиодифузна дејност во 6 (шест) конкурсни постапки, од кои по 1 (една) со опфат на покривање на државно и на регионално ниво, а 16 (шеснаесет) со опфат на покривање на локално ниво.

Во однос на техничките средства за пренос на програмата, 1 (една) дозвола беше доделена за пренос преку сателит, 3 (три) за пренос преку кабел и 14 (четиринаесет) за пренос преку терестријален предавател.

Од доделените 18 (осумнаесет) дозволи, 15 (петнаесет) беа доделени на трговски радиодифузни друштва, 1 (една) на непрофитна радиодифузна установа и 2 (две) беа доделени во согласност со член 173, став 4 од Законот за радиодифузната дејност, по спроведена постапка на организациона и сопственичка трансформација на поранешните јавни претпријатија кои вршеа радиодифузна дејност - радио на локално ниво.

Дозволите беа доделени на следните субјекти:

- 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервис преку сателит, со опфат на државно ниво на албански јазик, на Арбтрим Кира од Струга (Одлука бр. 07-43 од 09.02.2010 година; „Службен весник на РМ“, бр.18/2010);
- 3 (три) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси од општ формат, на локално ниво, преку јавна комуникациска мрежа–кабел, и тоа по една дозвола за Дебар, на албански јазик, на Илир Лела од Дебар; за Прилеп, на македонски јазик, на Дино Москов од Прилеп и за Струга, на македонски јазик, на Ристо Кароски од Охрид (Одлука бр. 07-42 од 09.02.2010 година; „Службен весник на РМ“, бр.18/2010);
- 6 (шест) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување на радио програмски сервиси на локално ниво, преку терестријален предавател (Одлука бр.07-55 од 02.03.2010 година; „Службен весник на РМ“, бр.31/2010), од кои по една дозвола за: Куманово на албански јазик, на Трговското радиодифузно друштво ЗЕРИ – БИ ДООЕЛ од Куманово; за Кичево на македонски јазик, на Зорица Ѓореска од Кичево; за Кичево на албански јазик, на Арбер Мехдиу од с.Зајас, Кичево; за Кочани на македонски јазик, на Илчо Лазаревски и Илија Стефановски од Кочани; за Струга на македонски јазик, на Наум Кутаноски и Никола Бебекоски од Струга и за Гостивар, на албански јазик, на Трговското радиодифузно друштво Радио ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ од Гостивар;
- 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност, за емитување радио програмски сервис на регионално ниво преку терестријален предавател, со опфат на слушаност во Регионот Скопје (Градот Скопје и неговата околина), на македонски јазик, (Одлука бр. 07-42 од 09.02.2010 година; „Службен весник на РМ“, бр.96/2010), на Друштвото за архитектура и инженеринг Арк Дизајн ДООЕЛ Скопје. Дозволата е наменета за збогатување на повеќедецениската македонско–француска соработка на аудиовизуелен план, како составен дел на македонско–француските политички, културни, економски и други односи и врски и реализација на меѓународните ангажмани на Република Македонија како полноправна членка на Меѓународната организација на франкофонијата, за зголемување на уделот на европски радио програми во македонскиот радиодифузен простор и за задоволување на потребите на радио публиката од таков вид програми;
- 4 (четири) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување радио програмски сервиси, на локално ниво, преку терестријален предавател (Одлука бр.07-369 од 19.10.2010 година; „Службен весник на РМ“ бр. 140/10), од кои по 1 (една) дозвола: за Крива Паланка, на македонски јазик, на ДПТУ ЕКО – ПРОЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланка; Пробиштип, на македонски јазик, на Дарко Пановски од Пробиштип; за Кичево, на македонски јазик, на Нада Јосифовска од Кичево и за Тетово, на македонски јазик и на јазиците на немнозинските етнички заедници (мултиетничко радио), на Мухамет Ајети од Тетово;
- 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност, во непрофитниот сектор, за емитување радио програмски сервис на македонски јазик, со опфат на слушаност на подрачјето на Битола (локално ниво), на Универзитетот “Св. Климент Охридски”-

Битола (Одлука бр. 08-18 од 15.02.2010 година; "Службен весник на РМ", бр.23/2010), за задоволување на специфичните потреби и интереси на студентската популација од подрачјето на Битола, и

- по 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување радио програмски сервис на локално ниво, согласно член 173, став 4 од Законот за радиодифузната дејност и по успешно спроведена постапка на организациона и сопственичка трансформација на поранешните јавни претпријатија кои вршеа радиодифузна дејност во трговски друштва, дозволите се доделени на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид (Одлука бр.07-88 од 12.04.2010 година; „Службен весник на РМ", бр.49/2010), и на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово (Одлука бр.07-368 од 19.10.2010 година; „Службен весник на РМ", бр.140/2010).

Во текот на 2010 година, Советот започна конкурсна постапка за доделување 20 (дваесет) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво, преку постоен аналоген терестријален предавател, јавни комуникациски мрежи (кабел или ИПТВ) и дигитална терестријална мрежа (дигитални мултиплекси за пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво), – Одлука бр.07-145 од 21.06.2010 година („Службен весник на РМ", бр.82/2010). Конкурсната постапка, согласно одредбите од Законот за општата управна постапка (член 221), а во врска со член 52 од Законот за радиодифузната дејност, не заврши со доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност.

Во извештајната година, по завршувањето на сите распишани конкурси, беа доделени вкупно 18 дозволи за вршење радиодифузна дејност, за емитување радио и телевизиски програмски сервиси со ниво на опфат прижан во табелата подолу.

**Табела бр.1: Доделени дозволи за вршење радиодифузна дејност во 2010 година**

| Ниво на опфат | Телевизиски станици | Радиостаници |
|---|---|---|
| Државно ниво | 1 | – |
| Регионално ниво | – | 1 |
| Локално ниво – комерцијални | 3* | 12** |
| Локално ниво - непрофитни | – | 1 |
| Вкупно | 4 | 14 |
| Вкупен број на доделени дозволи | 18 | |

* Телевизија преку кабел

** Две дозволи се издадени на локални јавни радиостаници (Охрид и Валандово) кои во извештајната година го завршија процесот на трансформација

### 2.2 Одземање дозволи за вршење радиодифузна дејност

Во текот на 2010 година, беа донесени 3 (три) одлуки за одземање дозволи за вршење радиодифузна дејност, поради неплаќање на годишниот надоместок, во рокот утврден во дозволата.

Врз основа на член 63, став 1, алинеја 4 и на член 64 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ги одзеде дозволите на:

- Трговското радиодифузно друштво К-15 МИНУС ДООЕЛ Скопје (Одлука бр. 07-216 од 19.08.2010 година; „Службен весник на РМ", бр.110/2010),

- Трговското радиодифузно друштво БМ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (Одлука бр. 07-217 од 19.08.2010 година; „Службен весник на РМ“, бр.110/2010), и
- Трговското радиодифузно друштво ЗАЈДИ-ЗАЈДИ ТВ ДООЕЛ Скопје (Одлука бр. 07-218 од 19.08.2010 година; „Службен весник на РМ“, бр.110/2010).

Поради надминување на причините поради кои им беа одземени дозволите за вршење радиодифузна дејност, односно по исплаќањето на сите побарувања на Советот, а во согласност со член 261 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 38/2005 и 110/2008) и член 28 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр. 62/2006), беше одлучено на ТРД К–15 МИНУС ДООЕЛ – Скопје (Одлука бр.07-400 од 16.11.2010 година (“Службен весник на РМ“, бр.150/2010) и на ТРД БМ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (Одлука бр.07-401 од 16.11.2010 година; „Службен весник на РМ“, бр.150/2010), да им се вратат дозволите за вршење радиодифузна дејност.

### 2.3 Престанок на важност на дозволи за вршење радиодифузна дејност

Во согласност со член 62 став 1 алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност, односно врз основа на писмена изјава на имателот на дозволата, беа донесени решенија за престанување на важноста на 3 (три) дозволи за вршење радиодифузна дејност, и тоа:

- дозволата за вршење радиодифузна дејност (бр.08-2546/1 од 29.06.2009), за емитување радио програмски сервис на турски јазик, со опфат на слушаност на подрачјето на Штип со најблиската околина (локално ниво), на непрофитната радиодифузна организација ДОСТЛУГУН СЕСИ Штип (Решение бр. 08-224 од 23.09.2010 година; „Службен весник на РМ“, бр.127/2010),
- дозволата за вршење радиодифузна дејност (бр.07-2045/1 од 18.06.2007 година) на Радиодифузното друштво РАДИО РИНИА - 200 ДООЕЛ с. Црнилишта, општина Долнени (Решение бр.07-370 од 20.10.2010 година), и
- дозволата за вршење радиодифузна дејност (бр.07-3465/1 од 26.11.2008), за сателитско емитување на телевизиски програмски сервис од претежно забавен општ формат, на албански јазик, на Друштвото за сателитска радио дифузија “ЕРА САТ” ДООЕЛ Скопје (Решение бр. 07-409 од 20.12.2010 година; „Службен весник на РМ“ бр. 166/2010).

### 2.4. Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност

Во 2010 година 158 радиодифузери поседуваа дозвола за вршење радиодифузна дејност. Одреден број од нив во извештајната година сè уште немаа почнато со вршење радиодифузна дејност. Во табелета подолу се прикажани податоците за: вкупниот број на радиодифузери по видот на програмскиот сервис што го емитуваа (радио/телевизија), техничките средства преку кои ја емитуваа/пренесуваа програмата (терестријално/сателит), нивото на опфат на емитување (државно/регионално/локално) и видот на радиодифузерот (трговско радиодифузно друштво/непрофитна радиодифузна установа).

**Табела бр.2 : Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност**

| Ниво на опфат | ТВ станици | РА станици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| државно ниво | 5 | 3 | 8 |
| државно ниво преку сателит | 13 | 0 | 13 |
| регионално ниво | 10 | 16 | 26 |
| локално ниво | 48 | 60 | 108 |
| локално ниво - непрофитни | 0 | 3 | 3 |
| Вкупно | 76 | 82 | 158 |

# 3 НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## 3.1 Мониторинг на програмските обврски на радиодифузерите

### Јавен радиодифузен сектор

Во 2010 година беа реализирани неколку анализи на програмата на радио и на телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис.

Првата анализа беше за периодот од 25 до 31 јануари 2010 година, по што следеше онаа за периодот од 10 до 16 мај 2010 година. Со нив беа опфатени: МТВ1, МТВ2, Собранискиот канал, Македонско радио – прва програма, Македонско радио – втора програма, и Третата радио програма – програмата на јазиците на етничките заедници. Целта беше да се утврди дали МРТ емитува програма со која ја исполнува функцијата на јавен радиодифузен сервис. Добиените наоди од поединечните анализи беа оценувани во однос на обврските од Законот за радиодифузната дејност и во однос на насоките за Јавниот радиодифузен сервис утврдени во „Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија 2007 – 2012 година".

Анализите укажаа на некои континуирани слабости на Јавниот радиодифузен сервис:

- слабост во поглед на осмислувањето и доследноста во спроведувањето на програмската политика – како на пример недостигот на програмски содржини од типот на квалитетен детски утрински блок или пак, комерцијал(изира)ност на размислата таму каде што тоа не е нужно при носењето одлуки во поглед на програмските содржини (пример, одлуката да се купи северноамериканско реално шоу со надеж дека ќе привлече публика наместо квалитетна и атрактивна документарна серија);
- недостиг на (осовременето) комерцијално однесување онаму каде што тоа е неопходно (искористување на можностите за рекламирање);
- недостиг на простор, особено на телевизијата;
- систем за набљудување на активностите во законодавниот дом наместо вистински сервис посветен на информирањето за работата на Парламентот.

Како продолжение на веќе реализираните еднонеделни анализи на радио и телевизиските програми на Јавниот радиодифузен сервис од јануари и мај 2010 година, Советот, во јули 2010 година, спроведе две паралелни анализи поврзани со начинот на известување во централните вести на Македонската радиотелевизија.

Предмет на интерес на првата, квантитативна, анализа беше политичкиот плурализам во телевизиските вести на Јавниот радиодифузен сервис. Беа опфатени централните вести на МТВ1 и на МТВ2 на албански јазик, на примерок од една

седмица (втората недела од јули). Анализата обезбеди квантитативни показатели за застапеноста во вестите на Владата, парламентарното мнозинство и на опозиционите партии.

Во Законот за радиодифузната дејност нема конкретни одредби што процентуално ја одредуваат застапеноста на различните политички гледишта, меѓутоа насоките се содржани во програмските стандарди кои важат за сите радиодифузери и членовите од Законот кои се однесуваат на мисијата и обврските на Јавниот радиодифузен сервис. Резултатите од анализата на вестите на Првиот програмски сервис – МТВ 1 и на вестите на албански јазик на МТВ2, емитувани во периодот од 5 до 11 јули 2010 година, покажаа дека јавниот радиодифузен сервис не обезбедил политички плурализам. Меѓутоа, анализата на распределбата на времето меѓу овие субјекти одделно (Владата, владејачките и опозициските партии), укажува дека најголем дел од времето е одвоено за активностите на Владата, а останатото време е приближно подеднакво распределено меѓу владејачките и опозициските партии.

Втората анализа беше квалитативна – студија на случај. Таа е комплементарна на првата и обезбедува попрецизен одговор на прашањето постои ли политички плурализам во известувањето на Јавниот радиодифузен сервис. Меѓутоа, исто така, обезбедува и продлабочени сознанија за начинот на известување од аспект на медиумското вообличување на прилозите и третманот и ставот на медиумот кон субјектите во нив. За да се овозможи релевантна споредливост на наодите за начинот на известување во централните вести на МТВ1, примерокот за анализа беше проширен и студијата на случај ги опфати и вестите на двете комерцијални станици (ТВ А1 и ТВ Сител) чии ТВ дневници имаат највисок рејтинг според податоците од мерењето на гледаноста од публиката. Квалитативната анализа го обработи настанот препознатлив како „Инцидент во Собранието на Република Македонија”, а ги опфати сите прилози во централните вести на МТВ1, А1 и Сител од 2 до 19 јули 2010 година.

Сумарно, резултатите од анализата се следниве:

- централниот Дневник на МТВ1 не успеа да излезе од стегите на политичката стереотипија меѓу двете водечки, антагонизирани политички сили -- владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ и најголемата опозициона партија – СДСМ. Главна последица е недостигот од видлива, професионална новинарска волја да се трага по мотивот за акутно актуелното општествено случување; наместо еволуциската патека на новинарската истражувачка постапка: *мотив – експликација – вреднување – заклучок* присутна е информативна деволуција;
- и кај ТВ А1 се бележи доминантно биполарна визура: ВМРО-ДПМНЕ / СДСМ. Од друга страна воочливи се постојаните напори консеквентно да се детектира мотивот за настанот, а потоа постапно да се воспоставуви цврста аналитичка основа за вреднување; синхронизиран настап на новинарите од информативната редакција;
- контрадикторна, невоедначена уредувачка политика на информативната редакција на ТВ Сител. Од една страна, постои критички став кон настанот, од друга страна јасен став: опозицијата е насилна и корумпирана, таа е виновна. Карактеристично за ТВ Сител е и што многу поретко се застапени аналитичките жанрови.

**Собраниски канал/ МРТ**

Во текот на 2010 година, во неколку наврати беше реализиран мониторинг на програмскиот сервис што го обезбедува МРТ исклучиво наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија. Притоа беше констатирано дека под логото “МТВ”, се емитува друг програмски сервис што не е дефиниран во Законот за радиодифузната дејност. Тој се состои од програмски содржини кои не се дел од активностите на Законодавниот дом, што е спротивно на одредбите од член 117 став 6 од Законот за радиодифузната дејност. Меѓу другите содржини (музички,

документарни, од сферата на спортот, уметноста и културата итн.) директно или одложено се емитуваа и повеќечасовни преноси од седници на Владата на Република Македонија.

Советот сметаше дека оваа практика може да ги доведе во прашање основните функции на Јавниот радиодифузен сервис. Имено, согласно член 121 од Законот, заради остварување на јавниот интерес МРТ меѓу другото е должна: да обезбеди програмите што се произведуваат и емитуваат да бидат заштитени од какво и да е влијание на власта, политички организации или центри на економска моќ; да ја развива и планира програмската шема во интерес на целата јавност; да произведува и да емитува програми за сите сегменти на општеството без дискриминација и да се грижи низ програмите да се рефлектираат различни идеи. На МРТ ѝ беше укажано дека работата на Собранискиот канал мора да биде усогласена со Законот. За ова беше информирано и Собранието на РМ.

**Комерцијални радиодифузери**

Мониторингот на комерцијалниот сектор се концентрираше особено врз радиодифузерите со државно покривање.

Беа извршени еднодневни анализи чија цел беше да се утврди дали и како се почитуваат:

- програмските стандарди за емитување програма,
- правилата за заштита на малолетната публика,
- обврските за емитување изворно создадена програма и за вокално–инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници што живеат во Република Македонија,
- правилата за користење телефонски услуги со посебна тарифа во емисиите и
- правилата за рекламирање, телешопинг и спонзорство.

Со овие анализи беа опфатени терестријалните канали коишто вршат радиодифузна дејност на државно ниво: Алсат М, Канал 5, Телма, А1, Сител (по три еднодневни мониторинзи), 11 сателитски телевизиски станици на државно ниво – ЕРА САТ, А2, Алфа, Наша ТВ, К–15- (Пинк 15-), Сонце, АБ Канал, Канал 5 Плус, ТВ Перспектива (Скајнет Плус), Сител 3 и Џангл ТВ и Радио Метрополис.

Кај сите медиуми беа констатирани прекршувања на Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти.

Посебна анализа беше спроведена врз програмските сервиси на регионалните (скопски) телевизиски програмски сервиси и телевизиските програмски сервиси коишто вршат радиодифузна дејност на државно ниво (терестријални и сателитски), од аспект на почитувањето на авторското и сродните права.

**Емисии со телефонски услуги со посебна тарифа**

Во 2010 година беше посветено посебно внимание на програмите во кои се користат телефонски услуги со посебна тарифа и тоа како на игрите со ниска продукциска вредност („Ало, ало” на Алфа ТВ, „Ова е вашата среќна ѕвезда” и „Големиот кеш” на Канал 5, „Островот на богатството” на А1 телевизија), така и на емисии со јасновидци („Душата на дланка” на А2 телевизија), на актуелно–информативни емисии, забавно–музички емисии и други. Беше констатирано дека не се почитуваат одредбите од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и на телевизиските програмски сервиси и од Правилникот за заштита на малолетниците. Затоа, на радиодифузерите им беше повторно укажано дека ваквите емисии треба да ги емитуваат во периодот од 17:00 до

05:00 часот; треба да обезбедат јасен и прегледен опис на услугата, видливо и јасно да ја соопштат вкупната цена на чинење на услугата и јасно да назначат дали цената на чинење на услугата е од повик или од минута разговор и оти е неопходно, со еднаков фонт и големина, да се наведе вкупната цена на чинење која ја подразбира цената на услугата зголемена за данокот на додадена вредност.

Бидејќи многубројните поплаки индицираа оти постојниот начин на опишување на услугата не е доволно јасен. Советот ги повика медиумите, освен досегашното означување, пред секоја емисија со телефонски услуги со посебна тарифа да емитуваат телоп со кој на граѓаните ќе им се објасни дека секој повик не подразбира и воспоставување контакт, било со водителот/ката, било со говорен апарат, но дека и ваквите повици се наплатуваат. Ваквиот телоп би требало да го прикажат на екранот пред секоја емисија и по секој рекламен блок емитуван во рамките на емисијата.

**Бесплатно емитување спотови**

Мониторингот на програмските сервиси на Македонската радиотелевизија покажа дека се емитуваат голем број содржини со ознаката „бесплатно емитување“, при што беше забележано дека постои извесно неразбирање на опфатот на поимот. Затоа беше направена анализа на спотовите емитувани со ваква назнака на МТВ1, МТВ2 и на Собраниски канал. Се покажа дека ознаката „бесплатно емитување“ недоследно се користи, односно се злоупотребува можноста што ја дава Законот за радиодифузната дејност, одредени рекламни спотови да се емитуваат бесплатно и да не се калкулираат во дозволените лимити за рекламирање на час емитувана програма. Имено, според Законот, освен промотивните најави и спотови на радиодифузерите за нивната програма, бесплатно може да се емитуваат и најавите на културни и спортски манифестации, најавите за кампањи од јавен интерес и апелите за добротворни цели. Според резултатите од анализата, најголем дел од емитуваните спотови беа во рамките на условите што ги пропишува Законот за бесплатното емитување, но беа пронајдени и спотови кои се всушност рекламирање, а се емитуваат како бесплатни. Дел од овие спотови се вбројуваат во категоријата економски маркетинг и нивното емитување како бесплатни ги нарушува принципите за лојална конкуренција. Дел од емитуваните спотови (станува збор за серијата телопи насловени „Отчет на Владата на Република Македонија“) беа од категоријата политички маркетинг и нивното емитување е легитимно, во рамките на дозволените лимити за рекламирање, меѓутоа не како бесплатни. Со анализата беше констатирано дека и на Собранискиот канал се емитуваат спотови со ознака „бесплатно емитување“, што е спротивно на Законот, затоа што овој програмски сервис е исклучиво наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија. За наодите од оваа анализа Советот ги извести сите надлежни тела во МРТ и изрече мерки за прекршувањата согласно Законот.

Центарот за развој на медиумите реагираше на емитувањето на владината кампања насловена „Скопје 2014“, која одеше на програмата на јавниот сервис со ознака „бесплатно емитување“. Советот беше на мислење дека спотот во интегрална форма може да се емитува само во рекламен блок, но неговото времетраење да не е поголемо од дозволеното време за рекламирање на јавниот сервис (4 минути и 12 секунди). Спотот би можел да се емитува како бесплатно соопштение, само доколку се отстрани неговиот вербален дел, односно текстот со кој се прави споредба меѓу активностите на сегашната и на претходните Влади.

**Заштита на малолетната публика**

Маркетинг агенцијата „Република“ побара мислење за термините за емитување на рекламните спотови кои се дел од кампањата на Владата на Република Македонија за борба против дрогата. Беше извршена анализа на содржината на телевизиските спотови од аспект на почитување на Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што може штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, а се реализираше и поширока консултација со лекари, психолози, психијатри, социолози, педагози, претставници на невладини организации кои се занимаваат со заштитата на правата на децата и на потрошувачите и други.

Беше препорачано рекламните спотови „Тело за еден грам“ и „Последната црта“, да се емитуваат во периодот од 21 до 5 часот, за време на емитувањето да носат ознака 12+, а пред нивното прикажување на екранот да се емитува предупредувачкиот сигнал составен од текстуално, вербално, акустично и визуелно предупредување дека програмата не се препорачува за деца под 12 години. За кампањата да стигне до поголем дел од целната група без притоа да предизвика штетни последици кај малолетната, кај емоционално ранливата, публика и кај психолошки помалку стабилните гледачи чија заштита, исто така, е одговорност на општеството, Советот препорача во спотовите „Ден потоа“ и „Денот кога мајка ѝ плачеше“ да се извршат измени во поглед на прикажаното насилство и однесување опасно за безбедноста на луѓето кое е лесно за имитација и на тој начин да се прилагодат на одредбите од Правилникот за заштита на малолетната публика, односно да се емитуваат во периодот од 17 до 05 часот со родителски надзор, а пред нивното емитување, на екранот да се прикаже соодветниот предупредувачки сигнал составен од текстуално, вербално, акустично и визуелно предупредување. И овие спотови за време на целото емитување, треба да ја носат ознаката за програма што треба да се гледа со родителски надзор.

Советот реагираше за емитувањето хип хоп песни на популарни македонски изведувачи, кои содржат непристоен (вулгарен) говор во термини несоодветни според Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. На радиодифузерите кои ги емитуваа ваквите нумери на својата програма (ТВ Канал 5 и МТВ 1), Советот им укажа дека треба да го почитуваат Правилникот за заштита на малолетната публика, односно музичките нумери да бидат прикажани во соодветни временски периоди.

За прекршување на истиот Правилник, а врз основа на поплака, беше анализиран играниот филм „Рани“ емитуван на А1 телевизија, при што беше утврдено дека тој не е означен со соодветниот знак за времето на емитување и се емитува во несоодветен термин. Во овој филм во континуитет доминираат сцени на експлицитно, брутално физичко насилство чии причинско–последични врски се третирани со цинизам и со црн хумор, изразени преку вулгарен жаргон, а чести се и глетките со злоупотреба на droги. Оттаму, соодветната категоризација за него е 18+, односно, играниот филм не е соодветен за прикажување пред полноќ, со нагласена потреба од експликативен, родителски надзор, доколку потенцијалната публика вклучува и малолетници.

**Содржини со елементи на поттикнување омраза и нетрпеливост**

По претставка од гледач, Секторот за програмски работи спроведе мониторинг на актуелно-информативната емисија „Импакт“ емитувана на 15 октомври на сателитскиот канал ТВ АЛБ, за да утврди дали емисијата содржи елементи на говор на омраза. Со анализата беше констатирано дека во емисијата на тема „Стратегија на Владата на Република Македонија за запознавање со немајчин јазик од прво до трето

одделение“, се присутни елементи на поттикнување на национална нетрпеливост и омраза од страна на еден од гостите во емисијата. Советот за радиодифузија му укажа на медиумот дека тој е одговорен за сите содржини емитувани на неговата програма, а во конкретниов случај затоа што овозможил дистрибуција на пораки што поттикнуваат омраза и нетрпеливост и дека медиумот всушност треба да игра активна улога во заемното разбирање и толеранција и во унапредувањето на односите меѓу заедниците во една мултиетничка и мултикултурна средина, а не да се користи како инструмент за разгорување на тензии или каква било форма на нетрпеливост.

Врз основа на претставка од Центарот за развој на медиуми беше анализирана емисијата „Отворено“ емитувана на Македонското радио Прва програма на 23 февруари 2010 година. Притоа беше констатирано дека со начинот на кој ги формулира прашањата и со интервенциите во одговорите на гостинот, водителката зазема политички став кој на мигови беше радикален; дека таа не реагираше и не обезбедуваше дополнителен фактички контекст, а со својата интонација не ја намалуваше негативната конотација содржана во некои од изјавите на соговорникот, повремено функционирајќи како уште еден соговорник. Нејзиното постапување не беше во согласност со фактот дека работи во јавниот радиодифузен сервис кој има посебни обврски во поглед на поттикнувањето на културата на јавен дијалог и во зацврстувањето на заемното разбирање и толеранција заради унапредување на односите меѓу заедниците во мултиетничка и мултикултурна средина (член 121 став 1 алинеја 3 од Законот за радиодифузната дејност), а не беше ниту во согласност со препораките на Советот, ниту со принципите на новинарската професија. До Македонско радио беше испратена опомена поради прекршување на член 122 од Законот за радиодифузната дејност.

По повод случаите кога во програмите на радиодифузерите се јавуваа елементи што ги нарушуваа програмските стандарди и можеше да доведат и до појава на говор на омраза, Советот ги повика сите електронски медиуми да се воздржат и да се оградат од какви било облици кои предизвикуваат атмосфера на линч и повици на исклучивост и креирање и објава на листи на неистомисленици. Притоа, земајќи ги предвид стандардите на Советот на Европа за говорот на омраза, Советот, како давател на дозволата за вршење радиодифузна дејност, ги потсети електронските медиуми, нивните сопственици, управители, главни уредници и новинари доследно да се придржуваат до професионалните програмски и новинарски стандарди, согласно Законот за радиодифузната дејност и обврските од дозволата.

Советот постапуваше по претставка на гледач во врска со емисијата „Јади бурек“, емитувана на 2 март 2010 година на Наша ТВ. Гледачот сметаше дека со некои од дискусиите за темите во емисијата се шири национална омраза кон Бугарите коишто живеат во Македонија. Главна тема на разговор во емисијата беше азилантскиот бран што ѝ се случи на Македонија по воведувањето визна либерализација од страна на земјите членки на ЕУ. По иницијатива на гледачи кои се јавуваа во програмата, беше дискутирано и за пререгистрацијата на автомобилите кои се возат во државава, а се регистрирани во Република Бугарија и за земањето бугарско државјанство и патни исправи од граѓани на РМ.

Советот констатираше дека во емисијата беше отстапен простор за изразување различни гледишта и ставови во врска со темите на разговор, согласно правото на слободно изразување и дека во дискусиите немаше елементи на говор на омраза или ширење национална омраза кон Бугарите во Македонија.

Врз основа на мониторингот на реалното шоу „Сам свој мајстор“, емитувано на 4 јуни 2010 година, Советот реагираше до ТВ Канал 5 поради сексистичката и навредлива изјава на еден член на жирито во емисијата кон малолетната пејачка, која како гостин учествуваше во шоуто. Советот заклучи дека со изјавата се прекршени програмските принципи утврдени во член 68 став 2 алинеи 2 и 3 од Законот за

радиодифузната дејност, кои се однесуваат на почитување на достоинството на личноста и еднаквоста на слободите и правата независно од полот.

**Политичко рекламирање**

Поплаки од гледачи беа повод во текот на годината да бидат направени анализи на содржината на неколку политички спота од различни нарачатели емитувани на медиумите на државно ниво. Сите спотови беа емитувани во согласност со принципите за рекламирање утврдени во Законот и во согласност со правото на слобода на изразувањето.

Сепак, при анализите на една група политички спотови се појавуваа снимки од деца, не се водеше сметка за човековото достоинство ниту на живите ниту на починатите лица, а кај некои не беше означен нарачателот, што можеше да ја доведе јавноста во заблуда. Во таа ситуација Советот им укажа на медиумите дека согласно Законот за радиодифузната дејност, во политичките спотови не смеат да се користат малолетници (член 88 став 3) и политичкото рекламирање не смее да го загрозува човековото достоинство (член 89 став 1 алинеја 1). Освен тоа, иако ова не е утврдено со Законот, нарачателот на политичкото рекламирање, и надвор од период на изборна кампања, треба да биде јасно означен, за да не се заведува јавноста, односно таа да може целосно да го искористи своето право на слободно формирање мислење.

Со оглед на фактот дека политичкото рекламирање надвор од изборна кампања не е посебно уредено со Законот, тоа се третира како дозволено кај комерцијалните радиодифузери, но во рамките на дозволениот лимит од 12 минути реклами на еден реален час. Оттаму беше утврдено дека емитувањето снимка од „Прослава 20 години ВМРО–ДПМНЕ” на програмата на ТВ Канал 5 со времетраење многу подолго од дозволените 12 минути (надминувањата се движеа од 13 до 48 минути) претставува прекршување на Законот за радиодифузната дејност.

**Изречени мерки**[1]

За прекршувањата на Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на РМ”, бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/2010 и 145/2010) и на подзаконските акти, кои Советот ги констатираше врз основа на спроведените редовни мониторинзи, во текот на 2010-та година беа изречени вкупно 57 (педесет и седум) мерки, од кои 33 (триесет и три) мерки на трговските радиодифузни друштва (РА/ТВ) и 24 (дваесет и четири) мерки на Јавниот радиодифузен сервис – Македонска радиотелевизија.

Мерките кои Советот ги изрече на трговските радиодифузни друштва (РА/ТВ) се однесуваа на следните прекршувања:

- за извршена промена на сопственичка структура без одобрение од Советот за радиодифузија (член 17, став 2 од Законот за радиодифузната дејност – ЗРД), една мерка – писмена опомена;
- за необјавени податоци што се однесуваа на работењето на радиодифузерите во претходната година (член 20 ставови 1 и 2 од ЗРД) беа изречени шест мерки – писмени опомени, седум мерки – писмени опомени со барање за објавување; две мерки – времени забрани за емитување на програмскиот сервис за период од осум дена; пет мерки – времени забрани за емитување на програмскиот сервис за период од шеснаесет дена; една мерка – времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од триесет дена; една мерка – времена забрана за емитување на

---

[1] Деталните податоци за изречените мерки се наведени во табеларниот преглед на крајот од Извештајот “Изречени мерки од Советот за радиодифузија на РМ во 2010 година” (Прилог бр.1).

програмскиот сервис за период од шеесет дена и една мерка – времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од девеесет дена;

- за недоставување податоци и документи поврзани со економско-финансискоработење на радиодифузерот (член 20 ставови 3 и 4 од ЗРД), беа изречени седум мерки – писмени опомени;
- за неемитување најмалку 12 часа дневно програма на телевизија (член 72, став 1 од ЗРД), беше иречена една мерка – писмена опомена, и
- за емитување снимка од емисија без уредени авторски права, односно без согласност на радиодифузерот кој ја продуцирал емисијата (член 77, став 1 од ЗРД и член 115, став 1, точка 1 од Законот за авторските и сродните права) беше изречена една мерка – писмена опомена.

На Јавниот радиодифузен сервис – Македонска радиотелевизија, мерките кои Советот му ги изрече се однесуваа на следните прекршувања:

- за непочитување од страна на водител на професионалните принципи на новинарската професија и постапување на начин кој не е во согласност со целта за унапредување на односите во мултиетничката и мултикултурната средина (член 122 од ЗРД) една мерка – писмена опомена на Македонско радио – прва програма;
- за емитување играна програма неозначена со соодветно визуелно предупредување на почетокот и во текот на целото нејзино времетраење и за емитување изданија од реални шоу програми неозначени со соодветниот предупредувачки сигнал (член 71, став 3 од ЗРД), три мерки – писмени опомени на Првиот телевизиски програмски сервис и две мерки – писмени опомени на Вториот телевизиски програмски сервис;
- за емитување промотивни најави за играна програма необележани со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува (член 71, став 3 од ЗРД и член 13, став 1 од Првилникот за заштита на малолетната публика) беа изречени две мерки – писмени опомени на Вториот телевизиски програмски сервис и на Првиот телевизиски програмски сервис;
- за емитување реклами кои го надминуваа законски дозволениот лимит за рекламирање во текот на еден реален час (член 91, став 1 од ЗРД) беа изречени две мерки – писмени опомени на Првиот телевизиски програмски сервис и на Собранискиот канал;
- за видливо истакнување име и марка на одредени производи во програма, член 98 став 2 од ЗРД беа изречени две мерки – писмени опомени и тоа на Првиот телевизиски програмски сервис и на Собранискиот канал;
- за емитувани реклами неозначени и неиздвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства (член 97, став 1 од ЗРД) беа изречени: две мерки – писмени опомени на Собранискиот канал и на Вториот телевизиски програмски сервис; две мерки – писмени опомени со барање за објавување беа изречени на Вториот телевизиски програмски сервис и на Собранискиот канал; една мерка – времена забрана за рекламирање од еден ден беше изречена на Првиот телевизиски програмски сервис;
- за емитување реклами за време на спортски натпревар на начин со кој се нарушени интегритетот и вредноста на програмата (член 99, став 1, алинеја 1 од ЗРД) беше изречена една мерка – писмена опомена на Собранискиот канал и две мерки – писмени опомени со барање за објавување на Првиот телевизиски програмски сервис и на Собранискиот канал;
- за емитување вокално-инструментална музика на македонски јазик помалку од законски предвидените 45% вокално-инструментална музика (член 124, став 3 од ЗРД) беше изречена една мерка – писмена опомена со барање за објавување на Македонско радио Втора програма;

- за прикриено рекламирање (член 98, став 1 од ЗРД) беше изречена една мерка– писмена опомена на Македонско радио прва програма и една мерка – писмена опомена со барање за објавување на Собранискиот канал, и
- за емитување реклами во период во кој на Јавниот радиодифузен сервис не му е дозволено рекламирање, (член 91, став 3 од ЗРД) беше изречена една мерка – писмена опомена на Собранискиот канал.

Во функција на почитување на обврската од член 77 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, според кој радиодифузерите со должни да создаваат и емитуваат програми со регулирани авторски и сродни права, во текот на извештајната година, покрај другите, Советот ги презеде и следниве мерки: во август 2010 година ги повика сите телевизиски станици во Република Македонија да ги почитуваат авторските и сродните права на содржините што ги емитуваат, без разлика дали се од странска или од домашна продукција. По реакцијата на Филмскиот центар „Вардар филм“ – Скопје за неовластено емитување негови филмови на програмите на некои домашни радиодифузери; во текот на ноември 2010 година од сите телевизии на државно и регионално ниво (регион Скопје) беше побарана документација за уредени авторски и сродни права на кинематографски, телевизиски и анимирани филмови, како и телевизиски серии и серијали. Во декември 2010 година, на еден домашен радиодифузер[2] (телевизија) на државно ниво му беше изречена писмена опомена за неовластено емитување на телевизиска емисија од продукција на друг домашен радиодифузер (телевизија ) на државно ниво.

# 4 НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

## 4.1 Регистрација на програмските пакети

Заклучно со 31.12.2010 година, 62 оператори на јавна комуникациска мрежа реемитуваа програмски сервиси, од кои 58 кабелски оператори (не сметајќи ги тука нивните подружници), еден ИПТВ оператор, еден оператор на дигитални мултиплекси за дигитален терестријален пренос на телевизиски програмски сервиси (ДВБ – Т) и два оператори за индивидуален сателитски прием на телевизиски програмски сервиси.

На листата на домашни телевизиски програмски сервиси, регистрирани од Советот за радиодифузија, согласно член 109 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ” бр. 100/2005, 19/2007,103/2008, 152/2008, 6/2010 и 145/2010), беа 20 телевизиски програмски сервиси на државно ниво (вклучувајќи ги МТВ 1, МТВ 2 и Собранискиот канал), 9 телевизиски програмски сервиси на регионално ниво, и 47 телевизиски програмски сервиси на локално ниво. Бројот на регистрираните странски телевизиски програмски сервиси беше 311.

Реемитувањето на радио и телевизиски програмски сервиси од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи, се повеќе и се почесто, се комбинираше со понуда и на други, најчесто телекомуникациски услуги, како фиксна или мобилна телефонија и Интернет, така што Република Македонија, следејќи ги европските и светските трендови, стана земја со „Triple play“ или „Quad play“ понуда. Одделни оператори продолжија со понуда на филмови и други содржини преку „Video on demand“ услуга, односно услуга именувана како „Видео на барање“, како и со понуда на премиум филмски канали, додека пак еден оператор понуди пакет од 5 филмски канали по принципот “Pay per view”, односно „Плати за да гледаш“. Имаше и оператори

2 Податокот е содржан во табеларниот преглед на крајот од Извештајот “Изречени мерки од Советот за радиодифузија на РМ во 2010 година” (Прилог бр.1).

кои со користење на предностите на дигиталната технологија воведоа нови услуги, како снимање и паузирање на програмските сервиси и можност за избор меѓу повеќе аудио и титл верзии.

Започнатиот процес на локализација на дел од странските телевизиски програмски сервиси на македонски јазик и на јазикот на албанската етничка заедница во 2009 година, интензивно продолжи и во 2010 година, резултирајќи со вкупно 13 локализирани странски телевизиски програмски сервиси на македонски јазик (12 со титл и 1 со натсинхронизација). Се зголеми и понудата на преводи на албански јазик и јазиците на другите немнозински заедници во Република Македонија.

Советот, освен со Министерството за култура, контактираше и со повеќе регионални и локални застапници на странските телевизиски програмски сервиси емитувани преку сателит и иматели на права на филмски, спортски и други програми, во функција на проверка на правните можности за реемитување на одредени странски телевизиски програмски сервиси во јавните комуникациски мрежи во Република Македонија. На крајот од извештајната година Советот ја комплетираше својата база со податоци за регистрирани програмски пакети.

Во текот на 2010 година беа издадени вкупно 277 потврди за регистрација на аналогни и дигитални програмски пакети. Бројот на телевизиски програмски сервиси во пакетите на операторите на јавни комуникациски мрежи се движеше од 30 до 135.

Заради поефикасна заштита на авторските и сродните права на домашните и странските радиодфузери и правна сигурност на граѓаните во нивниот претплатнички однос со операторите на јавни комуникациски мрежи, на крајот од јули 2010 година, на веб страницата на Советот, беа објавени збирни пакети на регистрираните програмски сервиси на сите оператори на јавни комуникациски мрежи во Република Македонија.

### 4.2 Мониторинг на пакетите програмски сервиси

Со мониторингот беа опфатени сите оператори на јавни комуникациски мрежи во Република Македонија.

Беше констатирано дека најголем дел од прекршувањата се однесуваат на непочитувањето на член 109 став 4 од Законот за радиодифузната дејност, на тој начин што голем дел од операторите на јавни комуникациски мрежи, особено оние од внатрешноста на Република Македонија, и по добивањето на потврди за регистрација на пакетите програмски сервиси, покрај регистрираните, реемитуваа и други програмски сервиси, најмногу од редот на оние за кои не беа обезбедени договори и не беа регулирани авторските и сродните права.

Поради претходно преземени мерки од страна на Советот, продолжи трендот на намалување на бројот на оператори кои реемитуваа телевизиски програмски сервиси со порнографска содржина во некодирана форма.

Беа забележани и случаи на реемитување на телевизиски програмски сервиси титлувани на српски, хрватски или бугарски јазик, како јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени сервисите, наместо на македонски јазик (обврска утврдена во член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност), како и прекршувања на член 110 од Законот, односно непочитување на обврската за реемитување на програмските сервиси на Македонската радиотелевизија, финансирани од радиодифузната такса.

### 4.3 Изречени мерки

**Налози за исклучување програмски сервиси**[3]

Според член 109 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, преку јавна комуникациска мрежа се пренесуваат програмски сервиси на домашни и странски радиодифузери, врз основа на претходен договор за уредени авторски права и сродни права, а согласно ставот 2 од истиот член субјектите кои реемитуваат програмски сервиси преку јавна комуникациска мрежа се должни програмските сервиси да ги регистрираат во Советот за радиодифузија како целина во вид на пакети и притоа доставуваат потврда за уредени авторски и сродни права издадена од Министерството за култура. Ставот 3 од цитираниот член ги обврзува операторите на јавни комуникациски мрежи за секоја промена на регистрираниот пакет/пакети на програмски сервиси да го известат Советот за радиодифузија, а Советот, согласно член 109 став 4, ќе наложи исклучување на одреден програмски сервис доколку тој не ги исполнува условите од ставовите 1, 2 и 4 на член 109 од Законот за радиодифузната дејност.

По овој основ, во 2010 година, Советот до операторите на јавни комуникациски мрежи, упати 24 (дваесет и четири) налози за исклучување на програмски сервиси, со цел тие да го усогласат своето работење со Законот.

Освен тоа, пред почетокот на Светското првенство во фудбал одржано во Јужна Африка, на сите оператори на јавни комуникациски мрежи кои во рамките на потврдите за регистрација на програмските сервиси го имаа регистрирано програмскиот сервис на Хрватската радиотелевизија (HRT 1) им беше укажано на потребата од „затемнување“ (блокирање) на овој телевизиски програмски сервис, во време кога беа репризирани натпреварите од светското првенство, во корист на заштита на исклучивите права на Македонската радиотелевизија за директни преноси и репризи на тие натпревари на територијата на Република Македонија.

И во повеќе други случаи, кога се работеше за ексклузивни права на домашни радиодифузери врз одделни спортски натпревари и телевизиски серии и серијали, Советот промптно интервенираше до операторите на јавни комуникациски мрежи укажувајќи им на потребата за „затемнување“ (блокирање) на странските програмски сервиси во термините кога беа реемитувани истите тие натпревари, серии и серијали.

**Прекршочни**[4] **и кривични постапки**[5]

Во согласност со својата надлежност од член 37 став 1 точка 13 од Законот за радиодифузната дејност, Советот поведе вкупно 30 (триесет) прекршочни постапки, од кои: 16 (шеснаесет) за непостапување по мерка – налог за исклучување на програмски сервиси; (2) две за некодирано реемитување на порнографски содржини и 12 (дванаесет) за постапување спротивно на член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност во поглед на преводите. Од овие постапки 26 (дваесет и

[3] Деталните податоци за налозите за исклучување на програмски сервиси се наведени во табеларниот преглед на крајот од Извештајот “Налози за исклучување на програмски сервиси во 2010 година” (Прилог бр.2).

[4] Деталните податоци за прекршочните постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа се наведени во табеларниот преглед на крајот од Извештајот “Прекршочни постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа во 2010 година” (Прилог бр.3).

[5] Деталните податоци за кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа се наведени во табеларниот преглед на крајот од Извештајот “Кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа во 2010 година” (Прилог бр.4).

шест) не беа завршени во извештајниот период, а за другите 4 (четири) се изречени глоби, кои за правните лица се движеа од 300 до 1000 евра, а за одговорните лица од 100 до 300 евра, во денарска противвредност. Во еден предмет, на операторот му беше изречена мерка забрана за вршење дејност во траење од 6 месеци, а на неговото одговорно лице, забрана на вршење должност, исто така во траење од 6 месеци. Во дел од постапките што не беа завршени во извештајниот период, првостепените и второстепениот суд од едно апелационо подрачје застанаа на стојалиште дека Советот е должен да спроведе постапка за порамнување со операторите, согласно соодветните одредби од Законот за прекршоци. Постапките за порамнување беа спроведени со издавање платни налози и преземање други дејствија.

По извршени консултации со Основното јавно обвинителство - Скопје и со Министерството за внатрешни работи - Скопје, Советот поднесе 5 (пет) кривични пријави против оператори на јавни комуникациски мрежи и нивни одговорни лица, поради основано сомнение за сторени кривични дела „Повреда на правото на технички заштитен сателитски сигнал“ од член 157-а став 1 и став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Постапките по овие пријави се во тек.

### 4.4. Други преземени активности

Во текот на 2010 година беа поднесени 28 (дваесет и осум) барања - предлози за инспекциски надзор врз работата на одделни оператори на јавни комуникациски мрежи до Државниот пазарен инспекторат[6] и 23 (дваесет и три) такви барања, односно предлози до Координативното тело за интелектуална сопственост[7].

Советот упати и 13 предлози за инспекциски надзор до Министерството за култура на Република Македонија[8].

## 5 РАДИОДИФУЗЕН ПАЗАР

Анализата на пазарот на радиодифузната дејност, што Советот ја изработи во 2010 година, овозможи да се добијат сознанија за состојбата на македонскиот радиодифузен пазар во претходната година.

Радиодифузерите се должни податоците да ги доставуваат до Советот за радиодифузија во стандардизирани обрасци, а заради проверка на валидноста на податоците, доставуваат и примерок од завршната сметка. Обврската за доставување податоци во целост ја исполнија вкупно 137 радиодифузери. Само три локални телевизиски станици (Телевизија Ускана од Кичево, Телевизија ВТВ од Валандово и Телевизија Канал 8 од Кочани) и четири локални радиостаници (Радио БИ-КИ-АЛ од Битола, Радио Семи од Центар Жупа, Радио Беса од Прилеп и Радио Алфа од Радовиш) не ги доставија податоците до Советот, за што им беа изречени мерки

---

[6] Деталните податоци за поднесените барања-предлози за инспекциски надзор се наведени во табеларниот преглед на крајот од Извештајот “Предлози за инспекциски надзор до Државен пазарен инспекторат во 2010 година” (Прилог бр.5).

[7]Деталните податоци за поднесените барања-предлози за инспекциски надзор се наведени во табеларниот преглед на крајот од Извештајот “Предлози за инспекциски надзор до Координативното тело во 2010 година” (Прилог бр.6).

[8] Деталните податоци за поднесените барања-предлози за инспекциски надзор се наведени во Табеларниот преглед на крајот на Извештајот "Предлози за инспекциски надзор до Министерството за култура на РМ во 2010 година" (Прилог број 7)

согласно одредбите од Законот за радиодифузната дејност. Учеството на овие седум радиодифузери во вкупните приходи во претходните години е незначително.

Сознанијата кои произлегоа од анализата на податоците се систематизирани во четири сегменти: Телевизиски пазар, Радиски пазар, Пазар на огласување и Структура на сопственоста на радиодифузерите.

## 5.1 Телевизиски пазар

Вкупните приходи што во 2009 година ги оствариле сите телевизиски станици изнесувале 2.032.508.410,00 денари, што е за 13,18 отсто помалку отколку во претходната година.

**Приказ 1 Удел во вкупните приходи во ТВ индустријата во 2009 година**




Извор: Совет за радиодифузија

Вкупните трошоци на сите телевизиски станици изнесуваат 2.340.058.888,00 денари, што е за 7,38 отсто повеќе отколку во претходната година. Најголем дел од овие средства (67 отсто) биле директни трошоци за создавање програма.

**Приказ 2 Вкупни трошоци и трошоци за создавање на програмата**




Извор: Совет за радиодифузија

Во 2009 година, резултатот од работењето на сите субјекти во телевизиската индустрија е загуба во износ од 314.362.672,00 денари. Од вкупно 77 субјекти (јавниот сервис и 76-те комерцијални телевизиски станици), само 34 оствариле позитивен финансиски резултат. Останатите, вклучувајќи ја и Македонската телевизија, работеле со загуба.

**Приказ 3 Остварен резултат од работењето во јавниот и во приватниот сектор (во милиони денари)**




Извор: Совет за радиодифузија

Во 2009 година, во телевизиската индустрија во целина биле вработени вкупно 2120 лица, 487 лица биле вработени во Македонската телевизија а останатите во комерцијалните телевизиски станици.

**Приказ 4 Број и структура на вработените во телевизиската индустрија**

| Вид на кадри | Број | Статус | |
|---|---|---|---|
| | | Редовен работен однос | Хонорарно ангажирање |
| Новинари | 596 | 435 | 161 |
| Уредници | 125 | 107 | 18 |
| Управители/директори | 62 | 56 | 6 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 345 | 260 | 85 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 559 | 475 | 84 |
| Други кадри | 433 | 343 | 90 |
| **ВКУПНО** | 2120 | 1676 | 444 |

Извор:Совет за радиодифузија

## 5.2. Радиски пазар

Вкупните приходи остварени во радиската индустрија изнесувале 285.993.266,00 денари, што е за 34,17 отсто помалку отколку во претходната година. Намалувањето на вкупните приходи на радиската индустрија во анализираната година се должи на намалувањето на приходите на јавниот сервис – Македонско радио. Вкупните приходи на приватниот сектор во целина имаат тенденција на раст во последните три години.

**Приказ 5 Удел во вкупните приходи во радиската индустријата во 2009 година**




Извор: Совет за радиодифузија

Во 2009 година, вкупните трошоци што ги направиле сите субјекти на радиската индустрија изнесувале 304.231.590,00 денари, што е за 17,27 отсто помалку отколку во претходната година.

**Приказ 6 Вкупни трошоци и трошоци за создавање на програмата (во мил. денари)**




Извор: Совет за радиодифузија

Резултатот од работењето на сите субјекти на радиската индустрија во 2009 година е загуба во износ од 18.865.186,00 денари, којашто се должи на високата загуба што ја прикажало Македонското радио. Приватниот сектор во целина остварил позитивен финансиски резултат.

**Приказ 7 Остварен резултат од работењето во јавниот и во приватниот сектор (во милиони денари)**




Извор: Совет за радиодифузија

Во 2009 година, во сите субјекти на радиската индустрија, биле вработени вкупно 526 лица, од кои 299 во јавниот сервис (Македонско радио) и 227 во приватниот сектор.

**Приказ 8 Број и структура на вработените во радиската индустрија**

| Вид на кадри | Број на вработени лица 2009 |
|---|---|
| Новинари | 171 |
| Уредници | 40 |
| Управители/директори | 41 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 113 |
| Реализаторски кадар (режисери, снимателии, монтажери и др.) | 111 |
| Други кадри | 50 |
| **ВКУПНО** | 526 |

Извор:Совет за радиодифузија

### 5.3 Пазар на огласување

Индустрии коишто во 2009 година издвоиле најмногу средства за огласување на телевизија биле индустриите за производство на безалкохолни пијалаци и храна, транспортната индустрија и телекомуникациската индустрија. Според пресметаниот бруто износ на емитуваните рекламни спотови по цената за секунда од официјалните ценовници на телевизиите, на четвртото место се политичкото огласување и хуманитарните акции.

## 6 СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ТРГОВСКИТЕ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА[9]

### 6.1 Карактеристики на сопственичката структура

Податоците за сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва се обезбедени врз основа на увидот во базата на податоци на Централниот регистар на Република Македонија. Најголем дел од трговските радиодифузни друштва биле во сопственост на физички лица.

Од вкупно 78 телевизиски станици, 54 биле основани од физички лица, 19 биле во сопственост на правни лица, а пет во мешовита сопственост.

Само две радиостаници биле основани од правни лица, а една била во мешовита сопственост. Останатите 66 радиостаници биле основани од едно или повеќе физички лица.

### 6.2 Промени во сопственичката структура

Во текот на 2010 година, промена на сопственичката структура извршија вкупно тринаесет радиодифузери (три радиостаници и десет телевизии).

Во јануари 2010 година, Советот издаде одлука за давање одобрение за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ од Скопје, при што целосно истапи странското правно лице Нова Телевизија –

---

[9] Деталните податоци за сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва се дадени во прилог на крајот на овој Извештај (Прилог 8).

Први Частен Канал АД од Бугарија, а како единствен основач пристапи правното лице ДППУ ЕРА КОМПАНИ ДОО од Скопје.

Целосна промена на сопственичката структура изврши и Трговското радиодифузно друштво Телевизија Тиквешија ДООЕЛ од Кавадаци, при што од сопственичката структура истапи физичкото лице Никола Ѓорчев, а пристапи физичкото лице Ванче Волчев.

Во април 2010 година, од сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Голди ДООЕЛ од Велес, истапи физичкото лице Илија Чадиев, а како единствен основач пристапи Маја Чадиева.

Советот издаде одлука за давање одобрение за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ од Скопје, при што целосно истапи правното лице ДППУ ЕРА КОМПАНИ ДОО од Скопје, а пристапија физичките лица Арлинда Меметај и Авдула Меметај.

Трговското радиодифузно друштво Черења ДООЕЛ од Штип, изврши целосна промена на сопственичката структура, односно единствениот сопственик, физичкото лице Енисе Демирова, го отстапи во целост уделот на физичкото лице Иле Митов од Штип.

Во јули 2010 година, Советот издаде одобрение за промена на сопственичката структура на трговското радиодифузно друштво Канал 5 Плус ДОО од Скопје. Промената подразбираше истапување на претходните основачи, правното лице ТРД Канал 5 ДООЕЛ од Скопје и физичкото лице Вања Гавриловски од Скопје, а пристапување на правното лице Трговско друштво за односи со јавност и информирање Калистрат ДООЕЛ од Скопје.

Од сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ А2 ТЕЛЕВИЗИЈА ДОО од Скопје, истапи еден од основачите, Трговското радиодифузно друштво А1 Телевизија ДООЕЛ од Скопје, кое имаше удел од 50 отсто во сопственичката структура. По оваа промена, единствен основач на радиодифузерот остана физичкото лице Жаклина Ѓорѓиевска.

Советот издаде одобрение за промена на сопственичката структура на друштвото за сателитска радиодифузија ЕРА САТ ДООЕЛ од Скопје, при што истапи правното лице ДИЕМА ВИЖН ЕАД од Бугарија, а како единствен основач пристапи правното лице ДППУ ЕРА КОМПАНИ ДОО од Скопје.

Во октомври 2010 година, Трговското радиодифузно друштво Алсат-М ДОО од Скопје достави барање за одобрение за промена на сопственичката структура. Советот констатираше недозволена медиумска концентрација, по што му укажа на радиодифузерот да се усогласи со одредбите од Законот за радиодифузната дејност. Откако радиодифузерот ги отстрани овие законски пречки, од Советот побара одобрение во сопственичката структура да пристапи правното лице ДПИКТУ ВЕВЕ ГРОУП ДООЕЛ од Скопје. Советот го одобри ова барање во ноември 2010 година.

Истиот месец, одобрение за промена на сопственичката структура беше издадено и на Трговското радиодифузно друштво ЗЛАТЕН КАНАЛ увоз-извоз од Крива Паланка, при што како основач на радиодифузерот пристапи правното лице Друштво за консалтинг и посредување НВСП ДООЕЛ од Скопје со учество од 50 отсто во капиталот.

До Советот беше доставено барање за одобрение за промена на сопстевничката структура на Трговското радиодифузно друштво БМ Телевизија ДООЕЛ од Скопје, за пристапување на правното лице Претпријатие за информирање и маркетинг Pink International Company од Србија, во висина од 50 отсто од капиталот на радиодифузерот. Советот донесе Одлука за одобрување на планираната промена.

Советот издаде Одобрение и за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво К–15 Телевизија, за целосно истапување на правното лице Макспот студио ДОО експорт-импорт од Скопје, а пристапување на

правното лице Претпријатие за информирање и маркетинг Pink International Company од Србија како единствен основач на радиодифузерот.

Во декември 2010 година, Советот го одобри барањето на РТД Јовески Петко Димитар радио МЕФФ ДООЕЛ од Прилеп, за истапување на физичкото лице Јовески Димитар од Прилеп и пристапување на физичкото лице Билјана Јовеска од Прилеп, како единствен основач.

### 6.3 Транспарентност на сопственичката структура

Согласно член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност, радиодифузерите беа должни најдоцна до 31 март да ги објават податоците за сопственичката структура и за изворите на финансирање во претходната година, во еден дневен весник и на сопствената програма. Податоците на сопствената програма требаше да ги објават во следниве термини: 31 март, 30 јуни и 31 октомври.

Советот го следеше исполнувањето на оваа обврска од страна на радиодифузерите, а на оние што не ја исполнија им изрече мерки[10].

## 7 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

7.1. Обврската за регионализација произлегуваше од Стратегијата за развој на радиодифузната дејност 2007–20012, усвоена од Советот за радиодифузија. На изготвувањето на Стратегијата и претходеа детални истражувања на телевизискиот пазар и во неколку наврати беа одржани консултативни средби со претставници од локалните радиодифузери со цел овој процес да се одвива непречено. Воедно, Советот констатираше дека локалниот медиумски пазар е премногу фрагментиран, а бројот на субјекти е преголем споредено со потенцијалот на огласувачката индустрија, што значеше дека Советот требаше да ги подобри условите за работа на локалниот и регионалниот телевизиски пазар. Процесот на регионализација, на оние радиодифузери коишто според квалитетот на нивната програма, кадар и воопшто целокупното работење го надминале локалното подрачје што го покриваат, требаше да им обезбеди пошироко подрачје на опфат со радиодифузен сигнал, а во насока на нивно поефикасно и економски поисплатливо работење. Законот за радиодифузната дејност ја дефинирал само радиодифузната дејност на регионално ниво и го определил градот Скопје со неговата околина како посебен регион. Советот за радиодифузија требаше да ги опeредели другите региони. Ова, како активност беше предвидена во Акциониот план за имплементација на Стратегијата, во делот Медиумско окрупнување – развој на радиодифузната регулатива (Активноста бр. 2). Согласно Акциониот план за имплементација на Стратегијата, спроведувањето на постапката за доделување дозволи на регионално ниво требаше да се реализира во првата половина од 2010 година.

Советот, определи 8 (осум) региони (РР-1, РР-2, РР-3, РР-4, РР-5, РР- 6, РР-7 и РР-8) и објави конкурс за доделување 20 (дваесет) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво, преку постоен аналоген терестријален предавател, јавни комуникациски мрежи (кабел или ИПТВ) и дигитална терестријална мрежа (дигитални мултиплекси за пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво), (Одлука бр.07-145 од 21.06.2010 година („Службен весник на РМ“, бр.82/2010), и тоа:

[10] Деталните податоци за изречените мерки се наведени во табеларниот преглед на крајот од Извештајот, “Изречени мерки од Советот за радиодифузија на РМ во 2010 година”, (Прилог бр.1).

- 2 (две) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик, за регион РР-1;
- 2 (две) дозволи, од кои 1 (една) на македонски јазик и 1 (една) на јазикот на немнозинските заедници, за регион РР-2;
- 2 (две) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик, за регион РР-3;
- 2 (две) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик, за регион РР-4;
- 3 (три) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик и 1 (една) на јазикот на немнозинските заедници, за регион РР-5;
- 3 (три) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик и 1 (една) на јазикот на немнозинските заедници, за регион РР-6;
- 2 (две) дозволи, од кои 1 (една) на македонски јазик и 1 (една) на јазикот на немнозинските заедници, за регион РР-7 и
- 4 (четири) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик и 2 (две) на јазикот на немнозинските заедници, за регион РР-8.

Советот ја имаше во вид поврзаноста на регионализацијата и дигитализацијата, не само при определувањето на границите на радиодифузните региони, ами и при пропишувањето на општите услови на конкурсот за доделување дозволи за пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво, каде утврди дека кандидатите на кои ќе им биде доделена дозволата за вршење радиодифузна дејност се должни, во регионот за кој ќе им биде доделена дозволата и во рамките на рокот за кој таа ќе им биде доделена, да го реемитуваат програмскиот сервис и преку дигитална терестријална мрежа, и тоа по стартот на дигиталниот мултиплекс за пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво. Меѓутоа, наведениот конкурс не заврши со доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност, туку Советот согласно одредбите од Законот за општата управна постапка (член 221), а во врска со член 52 од Законот за радиодифузната дејност, одлучи поединечно да ги извести сите учесници на конкурсот дека постапката нема да заврши со доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност поради истекот на рокот за одлучување, како и поради недостиг на потребниот број на гласови за донесување одлука.

7.2. Советот за радиодифузија на Република Македонија ги имплементираше насоките утврдени во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност и Акциониот план за нејзината имплементација, во насока на збогатување на плурализмот во комерцијалната терестријална телевизија – поттикнување специјализирани сервиси (Активност бр. 12), збогатување на плурализмот, разновидноста и квалитетот на програмите на регионално и локално ниво (Активност бр. 15) и за разавој на непрофитниот сектор (Активност бр. 17).

Во таа насока, Советот во текот на 2010-та година спроведе неколку конкурси за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност, кои резултираа со доделување нови дозволи за вршење радиодифузна дејност, и тоа:

- 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервис преку сателит, со опфат на државно ниво на албански јазик;
- 3 (три) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси од општ формат, на локално ниво, преку јавна комуникациска мрежа–кабел, и тоа по една дозвола за Дебар, на албански јазик, за Прилеп, на македонски јазик, и за Струга, на македонски јазик;
- 10 (десет) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување на радио програмски сервиси, на локално ниво, за пренесување преку терестријален предавател, од кои по една дозвола за Куманово на албански јазик, за Кичево на албански јазик, за Кочани на македонски јазик, за Струга на македонски јазик, за Гостивар на албански јазик, за Крива Паланка на македонски јазик,

Пробиштип на македонски јазик и за Тетово на македонски јазик и на јазиците на други немнозински етнички заедници (мултиетничко радио) како и две дозволи за Кичево на македонски јазик;

- 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност, за емитување и пренос на радио програмски сервис на регионално ниво за пренесување преку терестријален предавател, со опфат на слушаност во Регионот Скопје (Градот Скопје и неговата околина), на македонски јазик, со нагласување дека дозволата е наменета за збогатување на повеќедецениската македонско–француска соработка на аудиовизуелен план и
- 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност, во непрофитниот сектор, за емитување на радио програмски сервис на македонски јазик, со опфат на слушаност на подрачјето на Битола (локално ниво), на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, чиј програмски сервис е наменет за задоволување на специфичните потреби и интереси на студентската популација на подрачјето на Битола.

# 8 РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Во 2010 година Советот склучи 3 договори за финансирање програми од јавен интерес, а вкупно беа реализирани и прифатени 5 први копии од програмите од јавен интерес, сите пет телевизиски програми.

Во текот на годината беа реализирани и следните активности: ажурирање на постапката за исплата на средствата според предвидените услови; следење на проектите што се во фаза на реализација; стручна продуцентска и драматуршка помош во реализацијата на проектите; усвојување на завршените проекти и анализа од аспект на жанровската структура, тематската ориентација, видот на продукцијата, субјектот на продукцијата/продуцентот, координацијата на активностите во врска со техничкиот преглед на проектите; дистрибуцијата на завршените проекти до трговските радиодифузни друштва и други субјекти за нивно умножување и натамошно емитување. За користење на програмите од јавен интерес до Советот се обратија неколку институции, невладини и граѓански здруженија. Советот позитивно одговори на барањата за користење и обезбеди копии на програмите од јавен интерес, за да придонесе за дополнителна афирмација на овие програми.

# 9 ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ

## 9.1 Наплата на радиодифузната такса

Радиодифузната такса е јавна давачка, од која се обезбедуваат средствата за создавање и емитување програми, за техничко-технолошки развој на Јавниот радиодифузен сервис, за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и за регулирање и развој на радиодифузната дејност во Република Македонија. Затоа е многу важно и процентот на наплата на таксата да биде на што повисоко ниво.

Според последните измени на Законот за радиодифузната дејност објавени во Службен весник на РМ бр.145 од 05.11.2010 година, работите во врска со регистерот на обврзници за плаќање радиодифузна такса и натаму ги врши МРТ, додека пресметувањето, утврдувањето и наплатата на средствата од радиодифузната такса на корисниците, во име и за сметка на МРТ, ги врши Управата за јавни приходи. Во

постапките за утврдување и наплата на средствата од радиодифузната такса ќе се применуваат одредбите од Законот за даночна постапка.

Наведените одредби ќе се применуваат од 1 јануари 2011 година.

Треба да се напомене дека во 2010 година процентот на наплатените средства (податокот е изведен врз основа на добиени уплати) беше зголемен во однос на изминатите години. На Советот за радиодифузија како еден од корисниците на средства (4 % од наплатените средства) се уплатени средства во вкупен износ од 8.379.714,00 денари. За споредба, по наведената основа, во 2009 година беа наплатени средства во износ од 2.943.956,00 денари, а во 2008 година средства во износ од 636.239,00 денари.

Советот смета дека е важно да се задржи трендот на подобрена наплата на радиодифузната такса, за да се обезбеди што повисок износ на средства за финансирање на дејноста од независни извори.

### 9.2 Наплата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност

Трговските и непрофитните радиодифузни друштва за дозволите плаќаат годишен надоместок на сметката на Советот. Надоместокот се плаќа за секоја тековна година врз основа на издадена фактура од страна на Советот, почнувајќи од датумот на доделувањето на дозволата.

Висината на надоместокот за дозволата и во 2010 година беше утврден врз основа на параметрите наведени во член 60 од Законот за радиодифузната дејност.

Во извештајната година беа доставени фактури на сите трговски радиодифузни друштва за периодот 2010–2011 година.

Процентот на наплата на дозволите за вршење радиодифузна дејност изнесува 48,94 %.

### 9.3 Трансформација на поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија

Советот и оваа извештајна година продолжи да го следи процесот на трансформација на поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија. Во јули 2010 беше реализирана работна средба со Министерството за економија на Република Македонија, како надлежно министерство за процесот на трансформација.

На работната средба во Министерството за економија, што ја водеше Министерот за економија, Фатмир Бесими, беше отворена дискусија во врска со предлог-ставот на постојната Комисија за спроведување јавен повик за прибирање на понуди за продажба на идеален дел од претпријатијата и за продажба на акциите на РМ во акционерските друштва, формирана со Решение на Владата на РМ бр.19-1300/1 од 06.05.2009 година, да се поништи претходно објавениот оглас за 6 радија за кои постапката за приватизација беше во тек и да се спроведе нов, и за нејзиното оградување од натамошно одлучување за нив, како и за донесување конечна одлука во случајот со Радио Битола.

Во однос на отворените прашања не беше постигнат заеднички став. Министерството за економија се обврза дека дополнително ќе го извести Советот за сѐ што ќе произлезе од неговите активности и од активностите на надлежната Комисија, во однос на состојбата со текот на започнатите постапки за продажба на идеален дел на јавните локални радиодифузни претпријатија кои го отпочнале процесот на трансформација. До крајот на извештајната 2010 година не беше добиена

нова информација во однос на евентуалното финализирање на започнатите процеси на трансформација.

Советот беше соочен со обраќања од вработените во поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија кои во извештајната година не успеаа да го завршат процесот на трансформација пред Министерството за економија на РМ. Бидејќи ваквата ситуација ги ставаше во незавидна позиција, Советот оствари контакти со Министерството за економија на РМ заради изнаоѓање решенија за решавање на нивниот статус.

Во текот на 2010 година, Советот издаде дозволи на поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија во Валандово и Охрид, кои ја завршија постапката за трансформација, а започна постапка за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност за поранешното локално јавно радиодифузно претпријатије во Кавадарци.

## 10 ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ

Во Уписникот за предметите по претставки и предлози на Советот, за 2010 година, на пропишаниот Образец УПП („Службен весник на РМ“ бр.2/09), заклучно со 31.12.2010 година, евидентирани се вкупно 213 претставки односно предлози и по нив е постапено во законски утврдениот рок.

Во текот на 2010 година, од страна на Државниот управен инспекторат при Министерството за правда на Република Македонија – Одделение за инспекциски надзор, спроведен е редовен инспекциски надзор (на 21.01.2010 година) и контролен инспекциски надзор (на 10.09.2010 година), во однос на примената на одредбите на Законот за постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ“, бр.82/08) и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ“, бр.2/09), при што беше утврдено дека Советот во целост постапува во согласност со одредбите од Законот и од Правилникот.

Советот, во согласност со член 19 став 2 од овој Закон и член 6 и член 8 од Правилникот, е обврзан до Министерството за правда на РМ, на секои шест месеци да доставува Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, на пропишаниот Образец ИПП („Службен весник на РМ“ бр.2/09). Врз основа на тоа, Советот во текот на 2010 година, достави два извештаја до Министерството за правда, и тоа:

- Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, за периодот од 1 јануари 2010 година до 30 јуни 2010 година (со придружен допис бр.03-2191/1 од 13.07.2010 година) и
- Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, за периодот од 1 јули 2010 година до 31 декември 2010 година (со придружен допис бр.03-77/1 од 13.01.2011 година).

## 11 ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДЕЊЕТО НА УПРАВНАТА СТАТИСТИКА

Советот и оваа година продолжи со имплементацијата на одредбите од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.38/05 и 110/08) и имајќи ги предвид забелешките на Државниот управен инспекторат при Министерството за правда, во однос на видовите акти што според Законот за радиодифузната дејност ги донесува Советот, предвиде измени во делот за постапките, што се очекува да бидат вградени во новата регулатива за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Постапувајќи по Правилникот за содржината, начинот и формата на водење на извештаите од управната статистика („Службен весник на РМ“ бр.02/09), во текот на

2010 година, Советот евидентираше вкупно 445 предмети од управна постапка кои се заведени во соодветен уписник (УП 1). Според член 7 од Законот за општата управна постапка и член 8 и член 10 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење на извештаите од управната статистика, до Министерството за правда во законскиот рок беа доставени Извештај бр.03-2364/1 од 28.07.2010 година и Извештај бр.01-205/1 од 28.01.2011 година.

Советот водеше и електронски уписник за предметите од првостепената постапка.

За примената на Законот и Правилникот, од страна на Државниот управен инспекторат при Министерството за правда на РМ, беа извршени два надзори на Советот за радиодифузија. При првиот инспекциски надзор на 21.01.2010 година, од страна на инспекторот беа утврдени одредени помали недостатоци во работењето на Советот кои беа констатирани во записникот за извршен редовен инспекциски надзор број 17-55/2 од 01.02.2010 година. Врз основа на овој записник, беше издадено е решението број 17-55/3 од 01.02.2010 година од Државниот управен инспекторат.

Земајќи го предвид ова решение, Советот изготви акт за преземените мерки, број 03-393/2 од 16.02.2010 година, и го достави до Државниот управен инспекторат.

При контролниот инспекциски надзор во поглед на извршување на мерките од решението, спроведен на 10.09.2010 година, со записник бр.17-672 од 15.09.2010 година изготвен од Државниот управен инспекторат беше констатирано дека Советот целосно постапил по решението број 17-55/3 од 01.02.2010 година, донесено од Државниот управен инспекторат и дека работи во согласност со Законот и подзаконските акти од оваа област.

# 12 СОРАБОТКА СО ДРУГИ ТЕЛА, ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

## 12.1 Соработка со Државниот пазарен инспекторат и Координативното тело за интелектуална сопственост

Советот за радиодифузија и Државниот пазарен инспекторат во 2010 година ја продолжија соработката при спроведувањето инспекциски надзор кај операторите на јавни комуникациски мрежи низ Република Македонија. Оваа соработка траеше сè до 08.09.2010 година, односно до денот на стапувањето во сила на новиот Закон за авторското право и сродните права, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 115 од 31.08.2010 година. Оттогаш па наваму, Државниот пазарен инспекторат, повикувајќи се на член 181 од овој закон, зазеде став дека не е надлежен да врши инспекциски надзор врз операторите на јавни комуникациски мрежи од аспект на почитување на авторските и сродните права.

Соработката со Координативното тело за интелектуална сопственост при Владата на Република Македонија, прерасна во редовна практика и резултираше со зголемена правна дисциплина на операторите на јавни комуникациски мрежи. Во теренските и другите активности на ова тело учествуваа и овластени службени лица на Советот, како и на Државниот пазарен инспекторат, Министерството за внатрешни работи и Управата за јавни приходи, а тие активности беа проследени со одземање на опрема за нелегален прием на телевизиски програмски сервиси и поднесување на прекршочни и кривични пријави.

### 12.2 Соработка со Министерството за транспорт и врски

Соработката со Министерството за транспорт и врски беше во насока на доставување предлози за измени и дополнувања на постојната радиодифузна регулатива, заради нејзино подобрување. Во февруари 2010 година, Советот на Министерството му достави Предлог-иницијативаза интервентни измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност.

Покрај тоа, на иницијатива на Министерството, Советот, во ноември 2010 година, беше домаќин на работниот состанок посветен на прописите со кои Република Македонија ќе го хармонизира своето законодавство со европската Директива за аудиовизуелни медиумски услуги. На тој состанок беше најавено формирањето на работна група за подготовка на новите прописи за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со напомена дека столбови на таа работна група треба да бидат Советот за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации како регулатори и дека во врска со новата регулатива ќе следува и јавна расправа со учество на сите непосредно заинтересирани субјекти.

### 12.3 Соработка со Министерството за култура

Со Министерството за култура Советот соработуваше во врска со: регистрацијата на пакетите програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи; активностите за донесување нова регулатива за авторското право и сродните права; статусот на здруженијата за колективно остварување на авторските и сродните права, односно нивно управување и нивните односи со радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи. И двете институции го поздравија интензивираниот процес на локализација на телевизиските програмски сервиси реемитувани преку јавни комуникациски мрежи, и покрај одредени разлики по прашањето дали одделни оператори на јавни комуникациски мрежи имаат право да се повикуваат на ексклузивитет или полуексклузивитет во однос на преводите (титловите) на македонски јазик.

### 12.4 Соработка со Министерството за економија

Соработката со Министерството за економија се однесуваше на процесот на трансформацијата на поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија, и беше реализирана за да се разменат информации за статусот на овие радиодифузери, како и за можноста за финализирање на започнатите процеси.

### 12.5 Соработка со Министерството за правда

Соработката со Министерството за правда беше по повод Предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик. Советот испрати амандмани за измена на предлогот кои генерално, се однесуваа на прецизирање на одредбите поврзани со политичкото рекламирање и со можностите за донирање на радиодифузерите, а беа во функција на ограничување на коруптивното однесување на медиумите за време на изборни циклуси. Советот учествуваше и на средбите што ги организираа Министерството за правда и Државната изборна комисија по повод предложените измени на Изборниот законик.

### 12.6 Соработка со Министерството за финансии

Со Министерството за финансии соработката беше во делот на создавањето институциска структура за децентрализирано управување на проекти од ИПА2009, како и за реализација на проект од ИПА2008.

### 12.7 Соработка со АЕК и со МРД

Покрај редовните тековни контакти со АЕК од аспект на секојдневната работа, Советот учествуваше со свои излагачи и на нивната јавна седница, одржана на 24.12.2010 година.

Соработката со Македонската радиодифузија (МРД), се однесуваше на утврдувањето на фактичката ситуација на терен за квалитетот на приемниот сигнал на Јавниот радиодифузен сервис.

### 12.8 Соработка со Министерството за труд и социјална политика

Во организација на Министерството за труд и социјална политика и канцеларијата на постојаниот координатор на ООН во Македонија, беше организирана дводневна работилница на тема „Периодични извештаи до CEDAW“ (Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената), на која учествуваше и координаторката за еднакви можности во Советот.

До Министерството за труд и социјална политика беше доставен и периодичен Извештај 2006 - 2010 година по Конвенцијата на Обединетите Нации за елиминирање на сите форми на дискриминација кон жената.

### 12.9 Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата

Соработката помеѓу Советот и Комисијата за заштита на конкуренцијата, во областа на заштитата на конкуренцијата во радиодифузната дејност се реализираше врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка меѓу двете институции. Советот за радиодифузија во континуитет ја следеше концентрацијата на капиталот во радиодифузната индустрија. Во текот на извештајната година продолжија активностите во врска со претходно започнатите постапки за можно прекршување на одредбите од Глава 3 од Законот за радиодифузната дејност. Во јануари 2010 година, во врска со постапката за утврдување на заедничко настапување на пазарот меѓу трговското радиодифузно друштво Телевизија А1 и дневните весници „Шпиц“ и „Време““, Советот на Комисијата за заштита на конкуренцијата ѝ достави податоци за уделот на А1 Телевизија во вкупните приходи остварени на националниот телевизиски пазар и во вкупните приходи од рекламирање во периодот од 2004 до 2008 година. Во тек беше и постапката за утврдување на заедничко настапување на пазарот меѓу трговското радиодифузно друштво АБ Канал ДООЕЛ од Скопје и дневниот весник „Вечер“.

### 12.10 Соработка со Секретаријатот за европски прашања

Советот соработуваше со Секретаријатот за европски прашања и по повод редовните месечни извештаи за напредокот во остварувањето на обврските од НПАА. Воедно, претставници од Советот учествуваа во соодветниот поткомитет за информатичко општество и аудио-визуелни услуги. Беше остварена соработка со СЕП и во текот на програмирањето на нови проекти, спроведувањето на актуелните проекти, како и известувањето за нивната реализација, наменети за градење на институционалните капацитети.

### 12.11 Соработка со Центарот за управување со кризи

Во согласност со Меморандумот за меѓусебна соработка од декември 2008 година на Центарот за управување со кризи и на Советот за радиодифузија, како и Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи во Република Македонија, и во текот на 2010 година продолжи соработката на неговите потписници во областа на унапредувањето на системот за управување со кризи во Република Македонија, со цел информирање и тревожење на населението преку радио и телевизиските програмски сервиси, а во функција на превенција, рано предупредување и справување со кризи. Советот ги продолжи активностите во работната подгрупа за изготвување на Упатството за комуницирање со јавноста и средствата за јавно информирање во Центарот за управување со кризи.

### 12.12 Соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата

Соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата беше концентрирана на остварување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата 2007 – 2011 и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2008 - 2010, врз основа на правната позиција на Советот како независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност и Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно утврдената методологија за следење на реализацијата на активностите и индикаторите на активност утврдени во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, Советот до Државната комисија за спречување на корупцијата ги достави податоците за остварувањето на активностите за периодот ноември 2009 – април 2010 година на посебен Образец за следење на реализацијата на делумно реализираните и нереализираните краткорочни и среднорочни активности и индикатори на активност, преку кои се добива приказ за постигнатиот степен на реализација од страна на секоја институција, како и оценка на ефикасноста на институцијата во системот за превенција и репресија на корупцијата на ниво на држава.

На посебен Образец за следење на реализацијата на активностите од Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, Советот ги достави податоците за реализација на секоја предвидена активност од оваа програма.

Од страна на членовите на Советот беа уредно исполнети обврските за пополнување на анкетни листови и изјави за судир на интереси. И одредени вработени во Стручната служба на Советот, во зависност од службената положба и обврската по тој основ, пополнуваа и доставуваа изјави за судир на интереси.

Претставници на Советот зедоа активно учество на работниот состанок на институциите потписнички на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, одржан на 06.05.2010 година и на Третата годишна конференција за оцена на остварувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата 2007–2011, одржана на 18.06.2010 година. Еден од заклучоците на Конференцијата беше дека е направен напредок во реализацијата на активностите во областа на медиумите, со препорака Државната комисија за спречување на корупцијата да ги поттикне надлежните институции да пристапат кон целосна реализација на предвидените законски измени што се однесуваат на медиумите и граѓанскиот сектор.

### 12.13 Соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци

Во согласност со склучениот Меморандум помеѓу двете институции во насока на подобрување на практиката за заштита на личните податоци кои се објавуваат во рамките на програмските сервиси на радиодифузерите, соработката резултираше со поведување прекршочна постапка против едно трговско радиодифузно друштво[11], за емитувано интервју со злоупотребувано малолетно лице – жртва на семејно насилство, без да биде заштитен неговиот идентитет. Барањето за поведување прекршочна постапка Советот го достави до Комисијата за одлучување по прекршок на Дирекцијата за заштита на лични податоци, предлагајќи на прекршителите (радиодифузерот и одговорното лице) да им бидат изречени соодветни прекршочни санкции.

Во насока на доследно имплементирање на Законот за заштита на личните податоци (""Службен весник на РМ", бр.7/2005, 103/2008, 124/2010), Советот се регистрираше како Контролор на лични податоци во Централниот регистар на контролори во Дирекцијата за заштита на личните податоци. Во согласност со член 27 од истиот Закон, Советот ја извести Дирекцијата за збирките на личните податоци кои ги обработува. Согласно предвидената обврска – контролорите на лични податоци да определат офицер за заштита на лични податоци, задолжен да ги врши работите утврдени во член 26-а од Законот за заштита на личните податоци, Советот со Одлука определи офицер за заштита на личните податоци.

На покана од Дирекцијата за заштита на личните податоци, претставник од Советот, присуствуваше на „Работилница за медиумите и заштитата на личните податоци", која во организација на Инструментот за техничка поддршка при Европската Комисија (TAIEX), во соработка на Дирекцијата, се одржа во ноември 2010 година во Скопје. Работилницата им овозможи на учесниците да остварат размена на искуствата и добрите практики во областа на заштитата на приватноста при медиумското емитување на лични податоци.

### 12.14 Соработка со Организацијата на потрошувачите на Македонија

Советот ја продолжи соработката со Организацијата на потрошувачите на Македонија, по следниве прашања: проблеми во имплементација на Законот за заштита на потрошувачите согледани преку работата на Државниот пазарен инспекторат; предложените измени на Законот за заштита на потрошувачите од страна на Организацијата на потрошувачите на Македонија, со уважување на потребата од проширување на постојната глава за јавни услуги (во кои спаѓаат и услугите на кабелските и другите оператори на јавни комуникациски мрежи) и степенот на имплементација на европската Директива за нефер комерцијални практики и европската Директива за колективно застапување на потрошувачите во македонските прописи за заштита на потрошувачите.

## 13 МЕГУНАРОДНА СОРАБОТКА

### 13.1 Соработка со Европската Комисија

Во текот на 2010 година, Советот за радиодифузија активно учествуваше на состаноците што се организираа во рамките на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и во други активности поврзани со соработката со Европската Комисија. На 28 јануари 2010 година, во Брисел се одржа шестиот

[11] Податокот е содржан во табеларниот преглед на крајот од Извештајот "Изречени мерки од Советот за радиодифузија на РМ во 2010 година" (Прилог бр.1).

состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација. Прашањата поврзани со радиодифузната дејност беа разгледувани во рамките на областа за регулаторна реформа во областа на електронските комуникации и аудиовизуелната политика. Од страна на Советот беа презентирани информации за активностите на Советот остварени во 2010 година: реализираните активности за имплементација на Законот за радиодифузната дејност и на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност и плановите за јакнење на административниот и институционалниот капацитет на Советот. Во декември 2010 година, Советот учествуваше во подготовките за седмиот состанок на Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика, што беше планиран за 24 и 25 февруари 2011 година. Подготовките беа организирани од страна на Секретаријатот за европски прашања при Владата на РМ.

### 13.2 Соработка со Советот на Европа

Во рамките на соработката со Советот на Европа, претставник од Советот учествуваше на две конференции во Црна Гора и Украина, посветени на воведувањето на дигитална телевизија во овие две земји. Притоа беа одржани презентации за најдобрите практики и искуства од Македонија со воведувањето на дигиталната телевизија, со што им се помогна на Црна Гора и на Украина во развојот на дигиталната телевизија и воведувањето нови иновативни аудио-визуелни медиумски сервиси. Експертската помош на Советот одеше во насока на разработување на регулаторните, техничките и економските аспекти од дигитализирањето на медиумските сервиси и на кој начин медиумските оператори би можеле да профитираат од овој процес, развивајќи нови бизнис модели.

### 13.3 Европска платформа на регулаторните тела (ЕПРА)

Во извештајниот период, Советот за радиодифузија учествуваше во работата на две средби на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА). На покана од регулаторното тело за медиуми на Каталонија (Шпанија) – Аудио-визуелниот совет на Каталонија и од Секретаријатот на ЕПРА, делегација на Советот учествуваше во работата на 31-та средба на ЕПРА, која се одржа од 12 до 14 мај 2010 година, во Барселона, Шпанија. Во подготовките за состанокот на ЕПРА, Советот партиципираше со извештај за најзначајните активности во изминатите шест месеци. Имплементацијата на ЕУ Директивата за аудио-визуелните медиумски услуги беше една од главните точки на агендата. Пред работните групи беа презентирани првите искуства со регулирањето на пласирањето производи во програмите и неговото соодветно разликување од спонзорството и на прикриеното рекламирање.

Советот учествуваше и во работата на 32-та средба на ЕПРА која се одржа од 6 до 8 октомври 2010 година, во Белград, Србија.

Во фокусот на овој состанок беа следните теми: регулација на новите форми на огласување, пласирање производи како модели на регулација и лиценцирање за дигитална терестријална телевизија и размената на искуства за јавната радиодифузија.

На крајот на оваа средба во Белград, Советот, како следен домаќин на состанокот на ЕПРА, што е планиран за мај 2011 година во Охрид, направи куса видео разгледница за Македонија и за Охрид како претстолнина на културата низ вековите.

### 13.4 Соработка со Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА)

12-та пленарна седница на Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА) се одржа од 30.09.2010 до 02.10.2010 во Истанбул, на покана на Радио и телевизискиот врховен совет (RTUK), а на неа Советот учествуваше со своја делегација.

На крајот на состанокот, Советот, кој што беше член–набљудувач од претходниот состанок во Гранада, по поднесувањето на извештајот на реализирани активности од претходната година и потврдувањето на својот правен статус (акти кои беше потребно да се достават согласно Статутот на МНРА), беше примен во МНРА со статус на полноправен член.

Главните теми на состанокот беа: заштитата на малолетниците – регулација и ко-регулација (сигнализација) и нови сервиси, како и претставување на жената во медиумите.

Во рамките на билатералниот состанок што претставниците на Советот го одржаа со претставниците на Радио и телевизискиот врховен совет (RTÜK), беше договорена работна посета на тројца вработени од Секторот за програмски работи од стручната служба на Советот, заради размена на искуства и знаења при вршење на мониторингот на програмските сервиси.

### 13.5 Соработка со странски регулаторни тела и друга меѓународна соработка

Советот соработуваше со Високиот аудиовизуелен совет на Турција врз основа на заеднички протокол за соработка, особено во размената на најдобрите искуства и практики од областа на воведувањето дигитална телевизија и регулација на медиумите. Во таа насока тројца претставници од стручната служба на Советот, на покана на Високиот аудиовизуелен совет на Турција, оствариja неколкудневна работна посета на турското регулаторно тело и некои од клучните медиуми во земјата, за одблизу да се запознаат со нивниот начин на работа.

Делегација од Советот учествуваше на европскиот семинар, во организација на DigiTag, за премин од аналогна во дигитална телевизија, што се одржа во Букурешт, Романија на 25 и 26 март 2010 година. Во фокусот на конференцијата беа темите за преминот од аналогно кон дигитално терестријално емитување (DVB-T), преминот кон втората генерација на дигитално терестријално телевизиско емитување (DVB-T2), како и воведувањето на аудио-визуелни услуги со висока резолуција (HD). Делегацијата од Советот го претстави напредокот на дигиталните аудиовизуелни сервиси во Македонија, со посебна презентација за воведувањето на DVB-T услугите на македонскиот аудиовизуелен пазар. Претставниците од останатите регулаторни тела за електронски комуникации и аудио-визуелни содржини, како и производителите на електронска опрема, особено го пофалија развојот на дигиталната терестријална телевизија во Македонија. Во оваа насока беше истакнато дека Стратегијата на Советот за развојот на радиодифузијата 2007–2012 се покажа како клучен стратешки документ за воведување на новите технологии за пренос во услови кога постојната легислатива се покажува како премногу застарена и несоодветна за регулирање на напредните технологии за пренос на аудиовизуелни содржини

Претставник од Советот го посети Меѓународниот конгрес за радиодифузија, што се одржа во Амстердам. На саемскиот конгрес, што го посетија 45.000 лица од преку 140 земји со 1.400 излагачи, доминираше впечатокот дека телевизијата со висока резолуција (HDTV) полека „застарува“, па врвните производители на ТВ и филмска опрема се ориентираат на нов пазар и на нов извор на приходи, а тоа е тридимензионалната телевизија (3D TV). Сознанијата за најновите трендови во

областа на новите медиумски форми му помогнаа на Советот, стратешки да се постави кон предизвиците на новото време.

### 13.6 Друга билатерална соработка

Во ноември 2010 година српскиот амбасадор во РМ, Томислав Ѓурин, го посети Советот, при што беше разговарано за подобрување на состојбата со информирањето на мајчин јазик на претставниците на српскиот етникум во земјава, како во сегментот на комерцијалните медиуми, така и во сферата на јавната радиодифузија.

И амбасадорот на Република Словенија, Алан Бергант го посети Советот. На средбата беше разговарано за унапредување на соработката меѓу двете земји во сферата на медумите. Советот и словенечкото тело за медиумска регулација, АПЕК, се заеднички вклучени во проект за олеснување на дигитализацијата на телевизијата во регионот, финансиран од ИПА-фондовите, компонента 2.

Во неколку наврати беа организирани официјални и ад-хок состаноци со амбасадорката на Кралството Холандија во Република Македонија, Симоне Филипини, како и со останати дипломати од холандската амбасада во насока на поддршка на тековните проекти, поддржани од ЕУ, за градење на капацитетите на Советот,.

Преку помошта на USAID, тројца претставници на Советот, учествуваа во неколкудневна обука за унапредување на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор.

Во октомври 2010 година, претставници на Советот беа во работна посета на Крањ, Словенија по покана на Словенечкиот АПЕК, каде што беше разговарано за исклучувањето на аналогната телевизија. Исто така , по покана на IBIS Instruments, претставници на Советот престојуваа во Палиќ – Република Србија. Тема на работилницата беше дигитализација на операторите на јавни комуникациски мрежи.

### 13.7 Градење на капацитетите на Советот преку ИПА-фондовите на ЕУ

Во текот на извештајниот период започна имплементација на проект, финансиран од фондовите на ИПА-2008, компонента 1, наменет за изработка на студија за Советот и АЕК, којашто треба да ги дефинира областите, каде што е потребно дополнително зајакнување на капацитетите. Овој проект е предвиден да заврши во текот на првата половина на 2011 година.

Заедничиот проект од ИПА-2009, компонента 1, што се имплементира заедно со АЕК, наменет за зајакнување на институционалните капацитети на двете регулаторни тела, напредуваше во фазата на изработка на тендерската документација за негово спроведување. Советот на седница ја усвои тендерската документација, со што започна процесот на акредитација за децентрализирано имплементирање на ИПА-проекти.

Советот обезбеди и средства преку ИПА-2009, компонента 2, за преку регионална соработка да го олесни воведувањето на дигиталната телевизија во Република Македонија.

Беше изработена и предлог-идеја за проект за ИПА-2011, компонента 1, наменет за зајакнување на капацитетите на Советот за регионален и локален мониторинг и унапредување на слободата на медиумите, којашто беше прифатена од СЕП и Делегацијата на ЕУ. Носител на овој проект ќе биде Советот, а негови корисници ќе бидат ЈП МРТ и Здружението на новинари на Македонија.

По предлог на Секретаријатот за европски прашања при Владата на РМ, во врска со текот на подготовките за програмирање на Компонента 1 од инструментот за претпристапна помош ИПА, за 2009 година, од страна на Советот беше подготвен проект кој се однесува на јакнењето на административните капацитети на Советот за

радиодифузија. Проектот е наменет за јакнење на капацитетите за поддршка на имплементацијата на конзистентна национална политика и стратегија за електронските комуникации и технологии, како и за јакнење на капацитетите на регулаторните тела – Советот за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации. Врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Советот и АЕК и врз основа на одобрениот проект, во текот на 2009 година беа изведени повеќе подготвителни активности за имплементација на проектот во текот на 2010 и 2011 година.

### 13.8 Учество на Советот во Националниот план на РМ за Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации

Советот учествуваше со свои предлози во креирањето на Националниот план на Република Македонија за Алијансата на цивилизациите. Алијансата на цивилизациите е формирана во 2005 година, под покровителство на Обединетите нации за да создадат платформи за дијалог помеѓу политичките и религиозните групи, медиумите и граѓанското општество во четири области: образование, млади, медиуми и миграција.

## 14 ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ

### 14.1 Облици на комуникација со јавноста

За остварување на транспарентност во работењето и информирање на јавноста за неговите законски надлежности и дејствување, Советот користеше повеќе средства за комуникација. Заради приближување до граѓаните и до другите субјекти во радиодифузната дејност, Советот комуницираше преку веб страницата, којашто редовно ја ажурираше, при што беше прикажана максимална транспарентност на институцијата во нејзиното работење. Притоа се тежнееше кон остварување на главните цели на веб-алатката за комуникација, и тоа на три јазика: македонски, албански и англиски, преку:.

- Информирање и едукација на граѓаните во однос на новите технологии во сферата на радиодифузијата како и законските надлежности на Советот за радиодифузија;
- Информирање на јавноста за секојдневната работа на Советот преку објавување на дневните редови на седниците и записниците од нив;
- Информирање на меѓународната јавност за активностите на Советот;
- Понуда на документи за јавна расправа со можност сите заинтересирани страни да доставуваат коментари и видувања;
- Он-лајн анкета за различни прашања, што ја засегаат радиодифузната област;
- Соопштенија до медиумите и известувања за активностите на Советот.

Советот ја информираше јавноста за сите значајни активности, сите повици за јавни расправи, програмата за работа и финансискиот план на Советот, како и за извештајот за работа од претходната година, за сите правилници, упатства, препораки и одлуки кои ги донел, за резултатите од спроведените мониторинзи, за мерките преземени против прекршителите на законските и договорните обврски. Печатените изданија на Советот, како и конкурсите за доделување дозволи и друга конкурсна и тендерска документација беа објавувани во електронска форма. На веб страницата на Советот беа објавени и актуелни документи, конвенции, директиви, препораки и упатства на Европската Унија и Советот на Европа.

